**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Второто продолжение на Дваесет и четвртата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 8 октомври 2008 година**

Седницата се одржа во Собранието на Република Македонија, сала 1, со почеток во 11,16 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше господин Трајко Вељаноски, претседател на Собранието на Република Македонија.

**Трајко Вељаноски:** Продолжуваме по 24-та седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците: Владимир Ѓорчев, Али Ахмети, Џеват Адеми, Имер Селмани, Јован Манасијевски, Андреј Жерновски, Радмила Шекеринска, Славица Грковска Лошкова, Лилјана Поповска, Томе Чинговски, Фазли Велиу, Фијат Цаноски и Миле Андонов ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

**Минуваме на точка 15. - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за јавните набавки со Предлог на закон.**

Продолжуваме со претрес по предлогот за донесување на закон.

Има збор господинот Николов Марјанчо, повелете.

**Марјанчо Николов:** Благодарам претседателе.

Почитувани колеги, оние кои што се присутни во Собранието, очигледно е дека е мал бројот веројатно јавните набавки не ги интересираат толку колегите од аспект на теорија, можеби повеќе од аспект на пракса.

Почитуван заменик министер, после само десет месеци од стапувањето на сила на Законот за јавни набавки Владата се одлучи да прави негови измени и дополнувања, притоа дел од измените и дополнувањата ги оправдува со усогласување со европските директиви, а дел да се подобрат практиките кои што наводно се покажале како недоволно јасни или недоволно практични при спроведувањето на постапките за јавни набавки.

По ваквата измена и дополнување на Законот за јавни набавки, за нас е само потврда за она што го говоревме кога се носеше Законот за јавни набавки дека тој предлог има многу слабости и дека брзо ќе дојде времето кога Владата ќе се реши да прави негови измени и дополнувања. И, еве после 10 месеци тоа се случува и сега измените во Законот се однесуваат пред се на Бирото за јавни набавки и на Државната комисија како второ степен орган која ќе одлучува по жалбите по основ на јавните набавки и воведувањето на електронската аукција односно електронскиот начин на спроведување на јавните набавки.

Владата односно Министерството за финансии оди чекор напред во однос на самостојноста на Бирото за јавни набавки, но тој чекор е толку мал и по мое мислење несуштински, затоа што Бирото за јавни набавки добива својство на правно лице, меѓу тоа фактички не добива никакви права или неговата улога во системот на јавни набавки е едноставно само да врши едукација и да биде евидентичар на завршените постапки за јавни набавки преку доставување на обрасците за јавни набавки кога ќе заврши целата постапка.

Сметаме дека ваквата промена е навистина непотребна, затоа што и сега таа улога ја врши Бирото за јавни набавки без да има својство на правно лице. Владата требаше да се одважи и да биде храбра и да предложи Бирото за јавни набавки да биде дури и самостоен државен орган, да не биде пот капата на ниту едно министерство, да си ги задржи сите претходни права кои што ги имаше при спроведувањето на постапките за јавни набавки. Значи, да ги контролира, да дава согласност, да го следи процесот за јавни набавки, едноставно да врши контрола кога е самиот процес на јавни набавки. Објаснувањето од претставниците на Бирото за јавни набавки дека тоа е избришано, затоа што се сакало да се префрли одговорноста на договорните органи и економските оператори, навистина не е во ред, затоа што од кога ќе заврши постапката за јавни набавки, од кога ќе се направат штетите после и да констатирате одредени пропусти навистина е касно и не може претходно пред да се случат тие пропусти да се реагира. За илустрација за сума некаде од 200 или 300 милиони евра кои што годишно веројатно се вртат преку системот за јавни набавки. И, не е ниту малку наивна оваа работа, ниту самата процедура или систем за јавни набавки е така едноставно да гледаме дека Бирото за јавни набавки само ќе му дадеме својство на правно лице и ништо повеќе. Навистина, апелирам до Владата што побрзо да излезе со конкретен концепт со кој што Бирото за јавни набавки ќе му даде многу поголема самостојност и на тој начин да овозможи уште еден државен орган да биде контролор на целиот систем на јавни набавки.

Посебно е неразбирлив членот 14-а, ставовите 3, 4 и 5, во кој што е предвидено дека Бирото подготвува и спроведува едукација за јавните набавки. Потоа, е предвидено дека по завршената едукација ќе се полага испит. За тој испит ќе се добива одредена потврда која што субјектите кои што ќе учествуваат правните лица на оваа обука ќе треба да ја платат. Но, понатаму никаде не се објаснува што е целта на оваа потврда. Значи, ако е некој вид на лиценца или ако е некој вид на дозвола за да може некој да се занимава со јавни набавки, во тој случај би требало во Законот да се предвиди дека тоа е обврзително за сите оние кои ќе бидат избрани да бидат членови на комисиите за јавни набавки. Вака испаѓа дека вие сега на Бирото за јавни набавки ќе му дадете иден извор колку да се финансира, повторно да се полни буџетот на Република Македонија, а тие потврди се оние кои

што ги имаат и потоа можат слободно да си ги чуваат во архивата ако дојде некаде ред да се фалат или да им е потребно дека имаат потврда за јавни набавки. Немаат никакво правно дејство, ниту не се обврзителни за некој да може да учествува во Комисијата за јавни набавки. И, навистина со вакви решенија во кои што само Владата или Министерството ќе зема пари од правните лица, а притоа, да ги валоризира оние потврди кои што ги даваат за да служат за нешто, не е во ред. Веќе стана пракса Владата да си бара постојано некои дополнителни извори на приходи. Така беше со лиценците за продажба на алкохол, па сега гледаме колку проблеми се јавуваат, почна и на диво да се продава алкохол, така еве сега е и со законот за јавна чистота и редица други закони кои што ги носиме, во кои што најголем дел се однесува суштината што поголеми права да добијат министерствата и органите на државната управа и што повеќе пари да се земат од граѓаните.

Другата работа за која што сакав да зборувам е членот 12, а тоа е дека општиот поимник за јавни набавки ќе се користи само во јавни набавки чија што вредност надминува 130 илјади евра или 200 илјади евра, зависно од тоа кој ја спроведува јавната набавка. Знаете, не е во ред да го ограничувате, без разлика на европската пракса. Во Република Македонија постои голем проблем во точно дефинирање на поимите околу јавните набавки. Најголем дел од тендерите можеби пропаѓаат поради неправилна процедура, недоволно објаснети предмети на јавни набавки. Овој општ поим за јавни набавки треба да воведе ред. Вие кога сакате да набавите нешто секој да биде задолжен да го користи тој општ поим на јавни набавки. Оваа скала од 130 илјади евра и 200 илјади евра е многу висока за македонски услови. Значи, ние немаме како на запад големи системи кои што од 130 илјади евра можеби и не е голема сума. Кај нас земете било кое јавно претпријатие што брои 100 работници или 250, тогаш 130 или 200 илјади евра е голема сума за тие претпријатија. Сега, тој не може да не го користи општиот поим на јавни набавки и да ги доведува во нерамноправна положба или да не може да биде доволно јасен предметот на јавна набавка.

Околу државната комисија второстепена за жалби, добро е што имаме информации дека Комисијата за избор и именување ја почнала постапката. Не ми беше јасен рокот зошто Владата предлага уште девет месеци да се пролонгира и се надевам дека ќе биде прифатен нашиот амандман тоа да се случи до 30 ноември, бидејќи постапката за јавни набавки сега се врши за сите јавни претпријатија и за оние кои што имаат донесено план за јавни набавки навреме. Мислам дека може второстепената комисија независно да ги решава овие жалби. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Има збор господинот Макрадули Јани, повелете.

**Јани Макрадули:** Благодарам претседателе.

Почитуван заменик министер, иако сите го очекувавме министерот да дојде кој во понеделникот ја уверуваше јавноста дека ништо нема да се случи со македонската берза, а очигледно заради погрешната проценка отсуствува неговото присуство денеска.

За жал, нема да успееме да стигнеме до Собрание кое што ќе биде контролор, вистински контролор на Владата во услови кога расправаме за Законот за јавни набавки само со 5-6 души во Собранието и кога само опозицијата зборува. Нема позначајна финансиска дебата во Собранието покрај Буџетот од Законот за јавни набавки. Господинот Николов кажа, а јас мислам дека се многу повеќе 18% од Буџетот државата ги троши за јавни набавки. И секогаш Собранието мора да биде тоа што ќе ги контролира согласно Уставот и ќе врши политичкја контрола на јавните набавки или спроведувањето на јавните набавки. За жал Законот за јавни набавки чудно неколку пати се менуваше и во претходните две години од министерот Славески од Владата на ВМРО ДПМНЕ. Кога минатиот пат се прашувавме зошто нема европско знаменце тогаш имавме едно објаснување. А, сега кога заменик министерот во своето образложение вчера вели “основната цел на овие измени и дополнувања не е усогласување со евроспките закони, европските прописи”, тогаш овој закон денеска има европско знаменце заради своја потреба. А, овој закон како и сите други закони на измени на Законот за јавни набавки во себе има една тема која што е податлива, а тоа се електронските аукции, донесување на електронските аукции по динамичен пат, но во себе има неколку тие јас што ги велам финансиски капиџици со кои што господинот Трајко Славески и со својата истурена рака во Бирото за јавни набавки ќе им врати на своите спонзори од кампањата одредени успешни “тендери”. За жал, она што го зборувавме минатиот пат и се случи. Со минатите измени во Законот за јавни набавки се воведе шанса или можност да се купува струја во четири очи. Се сеќаваме сите на тендерот кој се оддржа во МЕПСО, каде што јавноста беше исклучена од јавното наддавање на купувањето на струја. Во услови кога пазарот на струја во Европа каде што се вртат 600 милијарди евра на Владата и е главен бизнис односно на фамилијата и е главен бизнис и околу тоа за тоа им требаше таков закон за јавни набавки. Истото се случи и со фамозниот тендер, наводен тендер за 100 илјади комјутери кои се уште на веб страницата на Бирото на јавни набавки не знаеме кој го има добиено. Овие денови нешто страницата не им работи, но тоа е друга работа. Сеуште на веб страницата, иако е законска обврска не знаеме кој го има добиено тој тендер. Има други информации кои што во некоја друга прилика ќе ги гледаме. За жал и минатиот пат укажавме, но укажуваат и независните институции Транспарентност Македонија, проектот Добро управување, па ако сакаме да имаме вистинска контрола и транспарентна

работа, нас ни треба независна агенција која ќе се грижи за јавните набавки. Се покажало во Европа дека сите оние зем ји кои што направиле незазвисцна агенција надвор од интегренциите на министерот за финансии, надвор од ингеренциите на Владата штедат многу повеќе и граѓаните и компаниите се позадоволни. Затоа, во Австрија на пример има независна агенциоја која што добива од државата буџет од 2,5 милиони евра, но за тоа заштедите се околу 10% годишно што ги прави со таква една независна агенција. Се додека министерот, не само што Владата ги бира, туку со овој предлог на закон и ги пропишува одредени активности, не можеме да зборуваме заз независност. Што е според мене она што овој закон сака да ги уфрли некои свои скриени намери. Прво, постапката од 52 дена се заменува со 20 дена. Тоа значи дека за еден голем проект кој сакате, сакате Чебрен и Галиште да не е успешен јавен тендер, сакате проектите во здравството 40 милиони евра кои што не знам кој министер треба да дојде за да ги реализира, бидејќи гледаме дека две три години се мачат, никако да се реализираат. Сега, за едни такви крупни проекти го скратуваме периодот на 20 дена само со единствена цел да добие оној што може тоа да го спреми за 20 дена, а ќе го добие оној што има претходно информација дека ќе се случи тоа. Не можете еден крупен проект или да распишете тендер заз 300 милиони евра за 20 дена да се спреми документацијата.

Второ, членот 26-а кој што воведува постапка за доделување на повеќе годишни договори веројатно е поврзан со договорите за електрична енергија. Сега, некој ќе му се дозволи да почне да набавува електрична енергија во период од десет години да потпише договор. Мислам дека ќе станеме заложници на договори што ќе ги направат одредени органи, кои што долго ќе ги отплаќаат граѓаните на Република Македонија. Незаконски е, бидејќи како што е проектот, еве 100 илјади комјутери незаконски кој што е направен и за кои што секако ќе има некаква разрешница некогаш во животот, истото се плашам дека ќе се случи со струјата. Јавните набавки затоа се ислучително битни, за да можеме овде и да дебатора, а имаат обврска сите пратеници, бидејќи буџетот го носиме ние и за тоа да поразговараме. Како е возможно во планот за 2008 година на пример јавното претпријатие на Македонска радио дифузија нема планирано да набавува одредени активности, а тие се вклучуваат во набавка за опрема за проектот 100 компјутери. Ниту смее да биде делив, ниту смее еден таков проект да го работат пет или шест институции. Луѓето 5-6 месеци немаат земено плата, мислам на вработените во Јавното претпријатие Македонска радио дифузија, ама да се прикрие корупцијата околу 100-илјади компјутери, сега инсталираат опрема низ училиштата во Македонија. Е, за тоа треба да се позборува и тоа не е обврска само на опозицијата.

Затоа, се плашам дека со измените ќе се допрецизира сивата зона на активности на министерот за спроведување со помош на бирото на свои, на спроведување на враќање кон спонзорите за кампањата. Ние овде за Законот за јавни набавки зборуваме за електронска аукција кога ќе почне 2010, 2011, 2012, а нас од 1 јануари ќе ни почне Законот за бруто плата, а тој закон уште не сме го донеле во Собрание. Или да го прашам заменикот министер дали има информација колку до сега со електронска аукција се завршени предмети или колку електронски аукции до сега се завршени. Дали испадна она што го зборуваше пратеничката група на СДСМ дека за 10 дена не може да направите квалитетен софтвер кој нема да ви паѓа на секоја втора аукција. Дали имате примери, јас можам да ви посочам неколку кога почнува аукцијата и наместо за половина час да се добијат податоците, за една недела почнуваат затоа што паѓа софтверот, затоа што е направен набрзина, затоа што е направен неквалитетно и затоа што е направен само за да задоволи некои шминки, а потоа да се протуркаат други активности. Затоа, се плашам дека и овој закон не го решава она суштинското, а за тоа зборувавме. Независноста на бирото како агенција која што вистински ќе зборува за трошење, наменско трошење на средствата, а не како извор на корупција. Затоа, она што го зборуваше господинот Николов, не може да не убедите дека овој закон нема да предизвика финансиски импликации.

Со самото тоа што ќе почнат обуки, сигурно ќе има кампања како дел од кампањата “отекуваме” дека еве Бирото почнува аукции, лево десно. Таа обука кошта, таа обука чини и овој закон не е согласно прописите на Деловникот за работа на ова Собрание. За жал, ќе останеме заложиници на многу сиви зони со овој закон и ќе ги гласа некој. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Има збор госпоѓа Бендевска Весна, повелете.

**Весна Бендевска:** Благодарам претседателе.

Најпрво на кратко, ама убедена бев дека господинот Славески нема да се појави по трет пат да го брани својот сопствен проект наречен Закон за јавни набавки.

Бидејќи, морам да потсетам на еден скандал, Законот за јавни набавки беше донесен во 2005 година во консултации со Светската банка и токму добрите оценки кои ги имаше тој закон придонесоа со препорака на Светската банка Македонија да го добие првиот бел заем во висина од 30 милиони долари. И ние долго дебатиравме по вашиот втор обид, обидот на ВМРО-ДПМНЕ односно потпретседателот на партијата Славески да без консултации со Светската банка ни предложи на крајот на 2007 година закон, ама сосема наменски предложен за да може да го покрие своето скандалозно набавување на 20 тони мазут за термоелектраната Неготино. И сега Славески со

Законот за јавни набавки кој е во важност од 1 јануари 2008 годна нели е законски покриен за набавката во вредност од 14 милиони евра очи во очи со непосредна спогодба. Така да господине Рамизи кога велите дека од 1 јануари до сега овој закон ги покажал своите ефекти, жалам ама ефектите се поразителни. Жалам што во тој период се случи скандалозниот тендер за продажба на термоелектраната Неготино и еден куп скандалозни јавни набавки. Ама го нема господинот Славески да каже дека со овој закон се регулира трошење на 200 милиони евра средства на граѓаните на Република Македонија.

И сега ќе дојдам до најголемиот скандал кој уште вчера го креираше претседателот на Собранието Трајко Вељаноски. Господине Вељаноски, овде во дневниот информатор сте го обележале и вчера и денес Законот со знаменцето на Европската унија, лага е тоа. Па ние дебатиравме и тоа го има во стенограмите дека Законот за јавни набавки кој го изгласавте на 6 ноември не беше маркиран со знаменце на Европската унија. Бидејќи не постои закон што ќе го дозволат претставниците од Европската комисија, а кој нема да обезбедува регулација на една многу важна општествена сфера без при тоа да предвиди постоење на независен регулатор. Затоа тогаш не го ставивте знаменцето, а сега го ставивте. На што се надевавте.

**Трајко Вељаноски:** Колешке, на самиот закон ги имаше знаменцата...

**Весна Бендевска:** Ве молам да не ме прекинувате, господине Вељаноски, можете да си земете збор и од говорница да дебатираме или можете да го користите правото на реплика. Ама јас стојам на тоа.

**Трајко Вељаноски:** Ве молам, значи не би требало вие да укажувате на тоа што не е вистина, затоа сакав да ви кажам. На самиот закон го има и европското знаменце и затоа е ставен во дневниот информатор и затоа е ставена како 15-та точка закон со европско знаменце. Продолжете.

**Весна Бендевска:** Господине Вељаноски,

Ама срамота е, бидејќи во рака го држам стенограмот од 6 ноември каде што буквално сме дебатирале тоа што го нема знакот.

**Трајко Вељаноски:** Сега сме 8 октомври, продолжете.

**Весна Бендевска:** Јас знам дека тоа вам не ви одговара, ама во интерес на вистината мора да проговорите и за тоа. Бидејќи и сегашните измени што ги нудите не значат никакво подобрување на овој катастрофален закон, закон што дозволува Република Македонија да набавува електрична енергија по непозната цена во непознати количини. Доволно е само тројката Ставрески, Здравев и Чингоски да седнат и да се договорат, ама знаете кој е резултатот? Господине Рамити, го знаете ефектот? Ефектот се вика покачена вредност на електричната енергија што граѓаните ќе ја плаќаат од 1 ноември. И тогаш дебатиравме дека тоа ќе се случи доколку го изгласате овој закон. Законот помина, не се сомневам дека ќе ви поминат и денешните измени и мислете дека е огромно подобрување Бирото, се разбира дури од година да добие статус на правно лице. Ама во рамките на Министерството за финансии, ама под палката на господинот Славески, таква ли независност ќе прокламираме и ќе го облекуваме во одора на Европската унија. Или повторно ќе треба на 6 ноември некој да ни каже, па луѓе по трети пат се обидувате и за овој закон исто како и за Законот за експропријација, исто како и Законот за енергетика ќе добивате негативни поени. И за тоа господине Вељаноски вреди да се дебатира бидејќи буквално импликацијата на овој закон од 1 јануари доведе до тоа граѓаните на Република Македонија не само што ќе добијат повисоки сметки за електрична енергија, зголемената електрична енергија ќе биде вкалкулирана во цената на секој производ. И тоа ќе значи дополнителен пад на стандардот на сите граѓани на Република Македонија. А не знам што да говорам, претпоставувам дека со амандманите ќе можеме чекор по чекор да ја разглобиме вашата основна намена на овој закон. Значи повторно во овој закон вие ќе воведите нова лиценца. Е таа лиценца ќе се вика кој сака да учествува во некои од комисиите за јавни набавки ќе мора да си плати за своја лиценца пред Бирото. Имаме лиценци за менаџери, па секој кој ќе има маалско дуќанче ќе мора пред Владата на ВМРО-ДПМНЕ да плаќа лиценца, сега ќе треба и секој кој е заинтересиран да членува во Комисија за јавни набавки претпоставувам од џеб, бидејќи овде никаде не пишува дека едукацијата за јавните набавки што ќе ја спроведува Бирото ќе оди на терет на Буџетот. И затоа со право господинот Рамизи вели, нема финансиски импликации. Финансиски импликации по џебот на граѓаните ќе има. Нели Бирото ќе остане едукатор најнова лиценца. Јас навистина сметам дека е непристојно во овој момент да воведувате и предлагате нова лиценца за една област, а без да дојде Славески и да каже, што се случи на пример со патриотските сметки. Уставниот суд ги укина, ама вие од секоја фискална каса земавте по 7 илјади и 200 денари. Ќе ги враќа ли Славески тие пари што им ги зедовте на малите стопанственици и на буквално сите нивоа. Знаете ли колку пари се тоа? И наместо да говори како ќе ги врати парите од патриотските сметки кои доживееа по не знам кој пат фијаско пред Уставниот суд, Славески сега измислил нова лиценца. Бирото ќе ја спроведува, граѓаните ќе си ја плаќаат, без таа лиценца не ќе можеме да ги формираме комисиите за јавните набавки на сите нивоа. Ќе говориме претпоставувам и многу пошироко и подолго околу она што беа договорите предвидени во член 176 од постојниот закон, секторските договори. Внимавајте, секторските договори дејностите што ги опфаќаат се водоснабдување, енергетика, транспорт, поштенски услуги, но да не заборавиме и стопанисувањето со аеродромите.

За сите овие секторски договори ќе можат бидејќи се од јавен интерес да се договараат набавките очи во очи. Тука нема да важат правилата. И тука е таа сива зона каде што ќе имаме огромни можности за корупција и криминал, огромно богатење што во лични џепови ама изгледа најмногу во партиските џепови. Мириса на избори, локалните се пред нас, претседателските се пред нас, ВМРО-ДПМНЕ треба да си ја наполни касата и токму ќе добиваме претпоставувам во овој период ама буквално само такви законски решенија. Ќе ги нуди Славески, а овде ќе дојде господинот заменик Рамизи да ги одмолчи бидејќи не се бранат. Така што кога го читав експозето на заменик министерот каде што се фали со ефектите во овие изминати 9 месеци, човек да се чуди и да се брани, какви се не скандалозни тендери поминавме. Не знам уште колку ќе поминеме ама останаа неодговорени многу прашања, што се случи со пропаднатиот тендер од ТЕ Неготино, колку Република Македонија ќе треба да им плати на оштетените заинтересирани странки кои се пријавиле на тендерот, а изгубиле, што се случи со трошењето 500 илјади евра од страна на господинот Чингоски од ЕЛЕМ, што се случи со скандалозната набавка прво на 100 илјади компјутери, потоа испаднаа 17-тина илјади, тоа вие ќе го решавате со овој закон. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Има збор господинот Емилијан Станковиќ, повелете.

**Емилијан Станковиќ:** Благодарам претседателе.

Ќе се обидам сосема кусо без да се пофторувам со колегите пратеници од СДСМ, кои единствено дебатираат по Предлог измените на Законот за јавнио набавки, да објаснам зошто СДСМ ќе гласа против донесувањето на овие измени и дополнувања на Законот за јавни набавки.

Искрено верував дека присуството на заменик министерот за финансии ќе ни даде повеќе објаснување кои се причините за донесувањето на овие измени и дополнувања. Навистина на Законодавно-правна комисија каде што сум член имавме хендикеп затоа што по расправата по овие измени и дополнувања учествуваше директорката на Бирото, која искрено не беше во состојба доволно да ги брани овие измени и дополнувања.

Поминаа само 10 месеци од донесувањето на Законот за јавни набавки и навистина во образложението на заменик министерот за финансии не можам да ги препознам причините поради кои се носат овие измени. Зошто тоа го прашувам? Ако во образложението предлагачот навел дека во досегашната практична примена на Законот за јавни набавки постигнати се значајни резултати, мене навистина не ми е јасно зошто само после 10 месеци од примена на овој закон по кој сте постигнале значајни резултати се предлагаат нови измени и дополнувања кои наводно треба да го подобрат постојниот текст на законот. Ако тргнеме од тоа кои се главните причини кои се наведени во образложението, наводното зајакнување на капацитетот на Бирото за јавни набавки кое се правда со наводно поголема автономија и самостојност во работењето, јас не можам навистина да видам како тоа се зајакнува капацитетот на Бирото за јавните набавки. И до сега Бирото е орган во состав на Министерството за финансии, тој е орган на државна управа, но единствената разлика која сега се воведува со овој закон односно овие измени ид ополнувања е тоа што ќе има сопствена жиро сметка која веројатно во членот 14-а ги дава вистинските причини зошто му се дава да има посебна жиро сметка. Наместо да му дадете поголема автономија со враќање барем на оние ингеренции кои ги имаше пред да се донесе овој Закон за јавни набавки во смисла давање согласност за спроведување на јавни набавки во договорните органи, вие му давате сега едукативен карактер, очигледно во манир на едно од вашите познати креда, “Знаењето е сила, знаењето е моќ”, сега ова Биро за јавни набавки ќе има едукативен карактер и ќе издава потврди, ама чудо, никаде во законот односно ниту во еден член во законот не кажува каде ќе се употребуваат овие потврди. Ако веќе сакате да има некоја логика издавањето на потврди, би било логично во самите измени и дополнувања да ставите дека членовите на комисиите за јавни набавки во договорните органи, за да бидат членови, ќе мора да поседуваат ваква потврда, односно да го минат овој курс кој што ќе го организира Бирото за јавни набавки. Меѓутоа, очигледно е дека со ваквите измени всуштност потребно е само да се зајакнат ингиренциите на министерот за финансии, да продолжи целосната контрола на Владата во делот на спроведување на процесот за јавни набавки. Дополнително за тоа говори и членот 15 со кој се намалува рокот за поднесување на идејните решенија од 52 на најмалку 29 дена, и сега отворено ја поставувам дилемата која е целта со оваа измена. Дали државата ќе развива систем на јавни набавки кои ќе се базираат на квалитет или ќе се базираат на “брзи прсти”. Очигледно дека со овој рок намален од 52 на 20 дена само дополнително оди во прилог на она дека оваа Влада го продолжува манирот претходно да ги договара оние најповолни понудувачи за оние големи јавни набавки и ова е само намалување на рокот, бидејќи очигледно ви се брза, затоа што одат локални и претседателски избори, треба да се полнат партиските каси.

Сосема на крајот сакам да го коментирам членот 23. Навистина не можам да разберам зошто рокот за формирање на Државната комсија за жалби по јавните набавки која треба да ја формира ова Собрание се продложува, односно се одлага формирањето за 9 месеци. Искрено се надевам дека нема праксата на одлагање на изборот на оваа Комисија да продолжи и во иднина по донесувањето на овие измени и дополнувања бидејќи на последната седница на

Комисијата за избори и именувања оваа точка на дневен ред беше одложена за некое идно време. Искрено не верувам бидејќи убеден сум дека со вашите 63 пратеници овие измени и дополнувања ќе ги изгласате, дека Државната комисија за жалби по јавни набавки нема да биде формирана пред 1 март 2009 година, за да се уште Второстепената владина комисија по жалби одлучува во рамките на Владата, а не она што е основна ингеренција согласно претходните измени на овој закон за јавни набавки. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Има збор господинот Диневски Менде, повелете.

**Менде Диневски:** Благодарам претседателе.

Почитуван заменик министер, почитувани колеги,

Навистина денес пред нас имаме еден закон кој се однесува на една материја која е многу значајна за правилно функционирање на органите на управата, посебно кога станува збор за трошењето на финансиските средства кои се обезбедуваат од Буџетот и затоа сметам дека со посебно внимание треба да се разгледа Предлогот за донесување на законот за измени и дополнувања на Законот за јавните набавки и да одлучиме дали истите ќе ги подржиме или не.

На почетокот сакам да прочитам дел од причините за донесување на овој Предлог закон за измени и дополнување на Законот за јавни набавки, а тоа е согласно текстот кој ни го дадовте, подобрување на истиот и натамошно олеснување на неговата имплементација, како и зајакнување на капацитетите на договорните органи и економските оператори преку една едукација која ќе ја развива Бирото за јавни набавки.

Исто така стои дека со негова примена се обезбедило зголемување на транспарентноста, конкурентноста и ефикасноста во системот за набавки. Истото тоа го имаме и во образлагањето на заменик министерот, каде што вели дека досегашните искуства се мошне позитивни и може да се заклучи дека договорните органи и деловната заедница добро ги прифатија новите системски решенија и ги спроведуваат во пракса, со што значително се зголемува транспарентноста во јавните набавки.

Со имплементирање на Законот за јавни набавки требаше да се отстранат сите оние негативности или сите оние функционални пречки кои беа во постојниот закон и истиот треба да претставува значајно средство против сите девијантни појави во нашето општество, што значи на некој начин има карактер на антикорупциски закон. Со донесувањето на овие измени би требало да се отстранат сите можности за злоупотреба на набавката од страна на договорните страни за лични цели и за попречување на евентуални негативни појави. Но законот покажува нешто друго. Според една поединечна анализа на сите овие причини голем дел од нив не само што не се остварени, напротив, истите не се реални и се спротивни на заложбата за транспарентност и конкурентност во системот на јавни набавки. Се разбира дека овој закон и те како ја намали транспарентноста во работата на државните оргни во делот на јавните набавки, исто така ја намали конкурентноста, затоа што се зголемија можностите за склучување на договори со непосредна спогодба. Единствено во овој период од 10-тина месеци, за кој можете да се пофалите, а тоа е ефикасноста во системот за јавни набавки, заради тоа што Владата ефикасно ги троши парите на граѓаните без да води постапки за јавен тендер, туку со склучување непосредни спогодби со сите оние кои се блиски до партиите на власт.

Власта и понатаму настојува да ги застапува исклучиво своите интереси во ситуација кога имаме без број директиви од Европската унија, кои се однесуваат токму на оваа материја, но истовремено, се користат,односно се користи секоја можност за отстапување од истите. Една од нив е и Бирото за јавни набавки кој во периодот пред една година имаше една голема улога во постапките за јавни набавки бидејки даваше согласност и во оние ситуации кога требаше да се направат одредени отстапки од класичните постапки за јавни набавки, односно преку распишување на тендер, заради тоа што со тоа се овозможуваше транспарентност и одговорност во работата со финансиските средства. И наместо лицираните слабости да бидат дополнителен поттик да се овозможи институционално јакнење на Бирото, што значи и негово осамостојување во работата, што значи негова поголема независност од страна на Владатаи дефинирањето на Бирото јавни набавки и понатаму тоа продолжува да функционира во Министерството за финансии и во иднина понатаму продолжува да биде една англиска кралица која ќе биде само евидентичар на сето она што се случува во сферата на јавните набавки, што сметам дека апсолутно, ја намалува и транспарентноста, меѓутоа, и желбата за борба против корупцијата, а не и во дирекна постапка и справување со корупцијата.

Значи, наместо осамостојување на Бирото, ќе продолжи да биде едно тело на хартија кое дефинитивно ќе нема сила за промени, тело кое ќе обавува сега дополнително една едукација за која најверојатно, ќе се оптоварат сите субјекти кои се задолжени да ги спроведуваат постапките за јавни набавки.

Во делот на јавните набавки, не се направија никакви измени кои се однесуваат на непосредните спогодби, за кои во јавноста во изминатиот период и те како се говореше. Без мислење на Бирото за јавни набавки, за причината на итноста, без претходно објавување на тендер, без никој да ја цени итноста, се создава можност со многубројни постапки, настрана од очите на јавноста да се носат одлуки за склучување на договори со преговори, односно со непосредна спогодба.

Ако се има предвид дека се работи за огромна сума на пари на граѓаните и навистина

отворањето на една сериозна дебата по однсо на овој дел каде што се вршат јавни набавки со непосредна спогодба, без никој да ги контролира истите, или да дава согласност дали се исполнети условите, навистина, не можеме да зборуваме дека правиме подобрување на самиот закон.

Со ова се поставува прашањето тогаш каде е борбата против корупцијата. Се поставува прашањето дали воопшто ја има. Апсолутно не, едноставно ја нема. И понатаму, немилосрдно ќе ги трошите парите на граѓаните и понатаму немилосрдно ќе увезувате струја во четири очи, ќе правите медиумски кампањи без да се знае колку се троши, ќе продолжите едно да правите во практиката, а сосема нешто друго да презентирате пред македоснката јавност.

Исто така не се презедоа никакви измени во делот на постапката со барање за прибирање на понуди. Ожигледно максималниот износ од 5000 евра, со прибирање на понуди, како и зголемување на износите кои можат да се трошат во текот на еден месец, јасно покажуваат дека овој закон има навистина, тогално отстапување од начелата на транспарентноста и зголемувањето на ефикасноста. Меѓутоа, тоа зголемување на ефикасноста под наводници, се однесува на прашањето за борбата против корупцијата.

Просторот кој се даде со Законот за јавни набавки овозможи огромна можност, или простор на субјективност и на проценка на одредени раководни лица да го злоупотребат ова право и тука повторно Бирото нема директна контрола и оваа јавна набавка не се знае дали се однесува или не се однесува за ист предмет.

Значи, иако со овој закон во првиот момент се тврдеше дека се врши усогласување со законодавството на Европската унија, денес тоа со овие измени го потврди и заменик министерот дека основната цел на овие измени и дополнувања не е усигласување со европските прописи. Па оттука, и понатаму во голем број на членови се остави можноста, односно се остави простор за манипулација. Голем простор за злоупотреба на парите на граѓаните, пред се, во делот за Бирото за јавни набавки, што значи дека и понатаму Бирото за јавни набавки ќе биде зависно. Не се презеде ништо во делот на постапката за непосредните спогодби, со што, навистина се остава простор за многу манипулации.

Искрено се надевам дека во текот на амандманската расправа ќе се прифатат амандманите со кои ќе се подобри текстот со кои истиот ќе стане појасен и поконцизен. Ви благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Бидејќи е исцрпена листата на пријавени за збор, констатирам дека претресот е завршен и на Собранието му прелагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за јавните набавки.

Ги молам пратениците да влезат во салата, за да преминеме на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 63 пратеници, од нив за предложениот заклучок гласаа 53 пратеници, од гласањето не се воздржа никој, а против гласаа 10 пратеници.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 67 пратеници, од нив за предлогот гласаа 56 пратеници, од гласањето не се воздржа никој, а против гласаа 11 пратеници.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Пратениците Весна Бендевска и Марјанчо Николов поднесоа амандмани за бришење на член 2, за додавање на нов член 2-а по членот 2, за додавање нов член 3-а по членот 3, за менување на член 4, за додавање нов член 5-а по членот 5, за бришење на член 6, за менување на член 7, за додавање нов член 7-а по членот 7, за додавање нов член 9-а по членот 9, за бришење на член 12, за додавање нов член 12-а по членот 12, за менување на член 13, член 15, за бришење на член 17, за додавање нов член 20-а по членот 20, за бришење на член 21, член 23 и за бришење на член 26, по кои Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандмнаот за бришење на член 2, поднесен од пратениците Весна Бендевска и Марјанчо Николов.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменикот министер за финансии, повелете.

**Недим Рамизи:** Амандманот не се прифаќа.

**Трајко Вељаноски:** Амандманот не се прифаќа.

Ги повикувам пратениците кои сакаат да говорат за амандманот, да се пријават за збор. Благодарам.

За збор се јави госпоѓа Весна Бендевска, повелете.

**Весна Бендевска:** Благодарам претседателе,

Значи само како вовед во темата и суштината на амандманот што го предлагаме. Претпоставувам дека заменикот министер ќе има соодветно образложение зошто согласно предлогот што доаѓа од Владата, а се однесува на договорни органи вклучени во овој закон. Членот 4 е многу јасен. Вели: “договорни органи се прво органите на државна управа и органите на единиците на локална самоуправа”.

Под број 2, се дефинирани правните лица кои се или засновани и вршат дејност од јавен интерес, или се финансирани од страна на државните органи, или единиците на локална самоуправа, или пак правни лица кои се контролирани од страна на органите на единиците на локална самоуправа, или државните органи.

Согласно вашиот предлог под број 3, како договорен орган до сега законското решение било дека правни лица можат да се основаат од еден или повеќе органи на државна управа или на локална управа, се разбира, со овие правни лица, кои вршат јавен интерес. Но вие сега сметате дека на пример, Министерството за финансии, заедно со некоја приватна фирма, која ќе ја регистрирате како дејност од јавен интерес, согласно вашиот предлог, ќе биде договорен орган, ама формиран под називот здружение. Што значи ова господине министер? Дека вака формираните органи, согласно Законот за јавни набавки ќе подлежат на Законот за здруженија за граѓани и фондации. Односно, правните лица кои се формирани од органи на државна управа и правни лица нема да подлежат под Законот за трговски друштва. Што се крие зад вашиот предлог. Можно ли е орган на државна управа, Министерство или институција со некоја приватна фирма, правно лице да формира здружение и да настапува како соодветен договорен орган согласно одредбите на Законот за јавни набавки. Или тука "лежи зајакот" како ќе го решите проглемот со ново донесениот Закон за енерегетика, кога ЕЛЕМ за да може и да произведува струја и да купува и да продава во странство, бидејки тврдевте дека не се тоа одредби кои им овозможуваат монополска ситуација, сега ќе си формирате, ќе си најдете се разбира, некоја фирма партиски подобна и заедно со Министерството за економија ќе формира здружение на граѓани. И што ќе им биде основната дејност, ќе набавува струја. Е па граѓаните на Република Македонија во првите 6 месеци потрошија од својот џеб за набавка на електрична енергија 200 милиони евра, многу помалку отколку што во Македонија влегоа странски инвестиции. И тука "лежи зајакот" зошто ќе плаќаат повисока цена за електричната енергија. Ама, здружението кое ќе биде формирано, претпоставувам од Ставрески, претпоставувам управител ќе биде Чинговски, раководител претпоставувам Здравев, согласно овој Закон ќе може нивното здружение да тргува, да набавува електрична енергија. По која цена, нивно право. Така вели овој Закон. Колкава количина, нивно право. Ќе му се јават на бившиот директор Коњановски, сега министер за одбрана, да го запре еден од блоковите, или двата наеднаш, секако, багерот не го поправаат, за да не може да копа јеловина за производство на струја и здружението на граѓани, ќе си увезува струја. Претпоставувам вакво здржение ќе направите и за стопанисувањето со аеродромите, претпоставувам дека вакво здружение ќе формирате и околу стопанисувањето со водостопанските капацитети, поштенските услуги веќе ги стокмивте, тука ќе оди приватизација и тука ќе имаме здружение на граѓани и фондации кој Ќе биде договорен орган, согласно Законот за јавни набавки. И бидејки не гледам, ама никаква волја или желба за дополнително објаснување, колеги од владеачкото мнозинство, оставете ги мениците на страна, оставете ги вашите изјави за неотповиклива оставка, ама барем еднаш гласајте во интерес на граѓаните. Бидејки кога ќе го изгласате овој амандман, како што тоа го бара согласно вашата изјава дека безспоговорно ќе се држите до одлуките на Груевски во практицирањето на власта, ги ставате во незавидна ситуација граѓаните. Ќе плаќаат многу повеќе, нивниот стандард ќе опаѓа. И нема да ви биде доволно и отворање на народни кујни. На овој народ му требаат нови работни места, за кои, апсолутно, не се погрижовте да ги направите. На овој народ ќе му треба заштита на неговиот стандард, од вака катастрофални законски решенија за кои вие аминувате. Да ве потсетам, кога беше донесен еден Закон, оспорен од Уставниот суд, министерот рече: "Владата не го донесе законот, јавете се кај пратениците од владеачкото мнозинство, тие го гласаа". Се надевам дека сите заеднички ќе треба многу посериозно да поработиме во штитењето на дигнитетот на институција, законодавен дом на Република Македонија, Собрание на Република Македонија. Затоа ве повикувам гласајте со чиста совест за оние што ве избраа, а не за мандатарот и лидер на вашата партија, господинот Груевски. Ви благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

За реплика се јави заменик минситерот за финансии, повелете.

**Недим Рамизи:** Благодарам, само кратко да објаснам дека не се работи тука за здружение на граѓани, туку напротив, во овој член се работи за здруженија кои се основани од договорни органи и асоцијации. Како пример ЗЕЛС која што е основана од единиците на локална самоуправа, или асоцијацијата на даватели на комунални услуги на Република Македонија. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

За контра реплика се јави господа Весна Бендевска, повелете.

**Весна Бендевска:** Господине министре, ако имавте таква намера, претпоставувам дека ќе додадевте нова алинеја и ќе ги вклучевте ЗЕЛС, која за волја на вистината веќе се опфатени во точката а, каде што велат: државни органи, органи на единиците на локална самоуправа и градот Скопје. Вие планирате точката в да вели: договорен орган може да биде и здружение формирано од државни органи и правни лица, кои се бават со јавен интерес. Поимот здруженија имплицира на тоа дека ќе се здружат граѓани и фондации и ќе подлежат согласно одредбите на Законот за здруженија и фондации, а не под Законот за трговски друштва. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

За процедурално се јави господинот Марјанчо Николов, повелете.

**Марјанчо Николов:** Благодарам претседателе, мојата процедурална забелешка е до вас. Би ве замолил малку повеќе да обрнете внимание на редот во салата во Собранието. Навистина, не е добро да дебатираме, а колегите во најмала рака да не слушаат или гласно да разговараат. Не е ова ниту училиште. Се е во ред. Меѓутоа, да ценат дека некој се спремал за денешната седница и сака нешто да пренесе. Ваша должност е да се грижите за редот во салата во Собранието. На оној, на кој не му се слуша, да не излезе дека делам лекции, би замолил барем да не смета кога дискутираат колегите пратеници. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас, прифаќам делумна забелешка. Но сепак, редот и тишината во салата го правиме не само јас, и другите 119 пратеници. Јас повеќе пати имам интервенирано и не би сакал буквално на секој десетина секунди да интервенирам. Еве уште еден апел до пратениците кој сака да присуствува во салата да не смета на другите.

Продолжуваме понатаму.

Бидејки е исцрпена листата на пријавени пратеници за збор, констатирам дека претресот по амандманот е завршен.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 66 пратеници, од нив за амандманот гласаа 11 пратеници, од гласањето не се воздржа никој, против гласаа 55 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот за бришење на член 2 поднесен од пратениците Весна Бендевска и Марјанчо Николов.

Отворам претрес по амандманот за додавање нов член 2-а по членот 2, поднесен од пратениците Весна Бендевска и Марјанчо Николов.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменикот министер за финансии, повелете.

**Недим Рамизи:** Амандманот не се прифаќа.

**Трајко Вељаноски:** Амандманот не се прифаќа.

Ги повикувам пратениците кои сакаат да говорат по амандманот, да се пријават за збор.

Има збор господинот Марјанчо Николов, повелете.

**Марјанчо Николов:** Благодарам.

Значи амандманот кој што го предлагаме се надоврзува на она што го зборуваше колешката Бендевска и се допрецизира членот 4 во кој што се наведени органите кои се должни да се придржуваат до Законот за јавни набавки во случаите кога спроведуваат постапки за јавни набавки.

Нашиот амандман гласи дека овој закон да се однесува и на здруженија на граѓани и фондации на кои им се дадени јавни овластувања. Под јавни овластувања се мисли да добијат одредени задачи од страна на Владата на единиците на локална самоуправа да вршат одредени дејности од јавен интерес. Иако владеачкото мнозинство кога зборувавме за измените и дополнувањата на Законот за здруженија на граѓани најави дека ќе донесе нов закон во кој што ќе ги прецизира кои јавни овластувања можат да ги добиваат овие здруженија. Ние сеуште го чекаме тој закон. тука е и колегата Николовски, тој исто така, велеше дека до месец мај законот ќе биде донесен и дека сега се вршеле широки консултации со невладините организации за да можат да се видат нивните барања. Знаеме дека Законот за локална самоуправа дозволува одредени здруженија на граѓани да добијат јавни овластувања. И во таа смисла сметаме дека тие јавни овластувања доколку се поврзани со користење на одредени финансиски средства овие здруженија да мора да спроведуваат постапки за јавни набавки. Мислам дека со овој член не се менува некоја суштинска одредба од Законот, ниту се прави некој упад во Законот. Еве, ако сака и заменикот министер да даде објаснување зошто не го прифати амандманот, туку едноставно се допрецизира Законот. Затоа апелирам до колегите истиот да го прифатат. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Бидејќи е исцрпена листата на пријавени пратеници за збор констатирам дека претресот по амандманот е завршен.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 60 пратеници, од нив за амандманот гласаа 12 пратеници, 1 пратеник е воздржан, 47 пратеници гласаа против.

Ги молам службите да го утврдат точниот број на присутни пратеници во салата.

Во салата се присутни 62 пратеника.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот за додавање нов член 2-а по членот 2, поднесен од пратениците Весна Бендевска и Марјанчо Николов.

Отворам претрес по амандманот за додавање нов член 3-а по членот 3 поднесен од пратениците Весна Бендевска и Марјанчо Николов.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменикот министер за финансии.

**Недим Рамизи:** Амандманот не се прифаќа.

**Трајко Вељаноски:** Амандманот не се прифаќа.

Ги повикувам пратениците кои сакаат да говорат по амандманот, да се пријават за збор.

Има збор господинот Јани Макрадули.

**Јани Макрадули**: Благодарам претседателе.

Амандманот што е предложен од колегите Николов и Бендевска се однесува на бришење на членот 11 кој што беше воведен со претходните измени на Законот за јавни набавки и гласи дека овој Закон не се применува на набавки чиј вкупен износ месечно не е поголем од 500 евра во денарска противвредност без ДДВ. И тогаш и сега ги цитираме експертите, независните мислења дека оваа одредба е една од одредбите во Законот за јавни набавки која што слободно се толкува и на тој начин се стимулира митото и корупцијата. Тоа во свое интервју за “Слободна Европа” го има истакнато поранешниот член на антикорупциската Комисија, заменик државниот ревизор исто укажува на овие нелогичности. А денешните сознанија зборуваат дека ова слободно толкување на овој член 11 навистина доведува до многу сомнителни договарања.

Првото прашање е, ако може заменикот министер да ни одговори колку пати оваа одредба може да се примени? Значи до 500 евра денеска вие можете да купите компјутер. Поучени од искуството како се работеше со тендерот за 100 илјади компјутери, денеска ќе купите компјутер, утре ќе купите глушец, задутре ќе купите монитор, потоа ќе купите двд режач и ќе добиете солиден компјутер без да имате за тоа јавна набавка. Тоа ќе го направите оваа недела, следната недела ќе го направите пак. Значи, немањето законска прецизност колку пати оваа одредба може да се примени остава голем простор за кој што сите експерти и независни невладини организации реагираа. И затоа ако сакаме да се грижиме за парите на граѓаните, ако сакаме Собранието да ја исполнува уставната обврска да биде мониторинг, политичка контрола на Владата, тогаш сме обврзани да реагираме за член во Законот кој што им овозможува на некои органи да можат да го злоупотребуваат Законот за јавни набавки. Порано имаше законска обврска еднаш месечно до 100 евра и тоа еднаш месечно. Сега еднаш месечно нестана некаде, остана 500 евра, ниту колку пати, ниту за која намена? Беше 100 евра за канцелариски материјал, или до 100 евра за некои угостителски услуги. Но, сега може орган да си нарача бидејќи законот тоа му го дозволува, на пример консултантски услуги од 499 евра без повик и тоа да го прави еднаш неделно. Секоја недела ќе си организира или купување на нешто, или секој ден, бидејќи нема ограничување. На тој начин граѓаните стануваат заложници на една одредба која што за жал од сознанијата некои си ја спроведуваат онака како што сакаат да си ја прочитаат. Се разбира овие 500 евра се капка во море во однос на можноста да се купува струја во четири очи во вредност од 150 илјади евра. Но, ќе се сложите дека и капка по капка се стигнува до морето бидејќи нема никакво ограничување, односно дискреционото право што му се дава на некој раководител на орган да го прави тоа без контрола доведува до нарушување на системот и доведува до злоупотреба на парите на граѓаните. Македонија има најголем буџет досега во историјата, рековме 18% од тој буџет се трошат за јавни набавки. Но, останува дилемата кој ќе ги контролира, или на кој начин како транспарентно да се стигне до набавки до 500 евра. Денеска ако сакате да се задржам само на технологијата, денеска АИТ технологијата по својата цена, по падот на цената за одредени производи можете вие за три дена да си направите добар компјутер за 1500 евра и тоа да го направите без тендер. Дали е тоа интенцијата на овој закон? Не верувам. Дали е тоа интенцијата на препораките од Европска комисија,исто не верувам. Но, мислам дека ако сакаме навистина да работиме транспарентно и да се грижиме за парите на граѓаните, тогаш ќе се ослободиме или ако сакате ќе ги допрецизираме некои одредби кои што постојат во овој закон. Затоа нас за жал ни се случуваат многу жалби, ни се случуваат многу поплаки, нема превентивно делување, туку отпосле во едни долги процедури се решаваат работите, а после ќе видиме дека човек фирми заработиле многу, продавајќи струја, продавајќи опрема, продавајќи други производи за кои што требаат многу повеќе услови. Затоа опстојуваме и на препораките од Светска банка, опстојуваме и на препораките на независните институции во Република Македонија на укажувањето на транспарентност на бившите членови на Комисијата за спречување на корупцијата дека ваквите недоречени одредби предизвикуваат, или овозможуваат за жал, злоупотреба на парите на граѓаните.

**Трајко Вељаноски:** Има збор госпоѓа Весна Бендевска.

**Весна Бендевска:** Благодарам.

И минатиот пат доследни на мислењето по понудените законски решенија за областа на јавните набавки предлагавме овој член да се избрише.

Во членот 73 на минатиот Закон за јавни набавки беше предвидено набавка на храна и други ситни канцелариски материјали да можат без никаква постапка за прибирање на понуди во вредност до 100 евра да се набавуваат еднаш месечно. Не само што го подигнавте прагот на 500 евра, туку сметате дека се што е под 500 евра, а тоа е вредност 499, 99 евра, апсолутно не подлежи под одредбите на овој закон. И како што кажуваше и колегата пред мене, не е тоа само еднаш неделно, тоа е можност за колку пати кој сака дневно да врши набавка. На пример една набавка ќе биде за млеко во некоја градинка, друга набавка за јогурт, трета набавка ќе биде за компири, ама никој не е обврзан да има ред и поредок во набавувањето. Нема обврска да побара три понуди за да го одбере најповолниот понудувач. И повторно ќе потсетам, огромна можност сива зона за да се вршат корумптивни зделки во јавните набавки и тоа согласно законски одредби. Јас повторно очекувам реакција од сите релевантни фактори кои и тогаш сметаа дека ваквото решение не само што ствара можност за корумптивност,туку е и нелогично и контрадикторно во одредбите на

самиот закон. Бидејќи по мислењето на Славески, малата вредност е подигната од 3000 евра на 5000 евра. Е па ајде да правиме чиста математика. Ако секој може до 500 евра да набавува и да е претпоставка да почитува она што еднаш месечно, одредба од стариот закон, 12 месеци по 500 евра се 6000 евра. Е тоа веќе не е мала набавка. Вие сметате дека се што е над 5000 евра веќе подлежи под законот за големи набавки. Ова е контрадикторно апсолутно во вашиот Предлог на закон. И затоа дајте да воведеме ред и поредок во сферата на општествените набавки. Станува збор за 200 милиони евра. На овој начин стимулирате буквално коруптивни договори, стимулирате буквално нелогичНо трошење на средства кои можат многу попаметно да бидат искористени. Ги аминувате, оставате можност. И токму затоа овој закон не може да биде закон хармонизиран со европското законодавство. Не смее, мора да има ред во она што се вели трошење на средства од граѓаните. И затоа предлагаме членот 11 да не постои, односно секоја набавка за која се користат средства од граѓаните да мора да подлежи на правила на игра формулирани во закон. прибирање на три понуди за да се избере најповолната. Така рационално можат да бидат искористени средствата на граѓаните. Затоа колеги, мислам дека нема ништо страшно, нема да ви ги активираат изјавите, гласајте за нашиот амандман. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Има збор господинот Марјанчо Николов.

**Марјанчо Николов:** Благодарам. Почитувани колеги ќе ви се обратам директно вас бидејќи заменикот министер освен дека не го прифаќа амандманот не даде никакво образложение кои се причините за таквиот став на Владата. И очигледна е намерата Владата да си ги задржи овие права кои што на мала врата и дозволуваат да се прават набавки месечно до 500 евра без да прибирате најмалку три понуди, односно да трошите пари како ви одговара. Жал ми е што само во Собранието на Република Македонија опозицијата зборува за ваквите можности што ги дава законот, додека колегите немаат волја да го искажат својот став, а веројатно и тие во својата пракса се сретнале со случаи кога овој член дозволува годишно да потрошите 6000 евра пари на граѓаните без да дадете отчет на некого. Многу е контрадикторен овој член со членот 100. Значи таму без објавување на оглас е дозволено да набавувате стоки, работи и услуги до 5000 евра.

Не ја разбирам логиката овој член да остане со 500 евра. Минатиот пат не го прифотивте амандманот со кој предлагавме да се врати старото решение од 100 евра.

Никој нема да го применува членот 100 став 1, алинеја 1, без да го примени членот 11. Кога може да потроши 6000 евра без да објави никаков оглас и да побара три понуди, бидејќи парите се на граѓаните отколку да го користи членот 100 каде не е дозволено до 5000 евра. Навистина колеги ако сите сакаме Република Македонија, како што вели Владата да се бори против корупцијата и притоа да прави спектакли со разни реклами, не дека сме многу успешни во борбата, ама од аспект на реализирањето на намерите, преку носење на закони, а преку практини постапки кога дозволуваме да се трошат 6000 евра годишно за еден предмет на јавна набавка, а верувајте во рамките на институциите кои што користат пари на граѓаните, дали е тоа Владата, единиците на локална самоуправа предмети на набавка можеби има над 20-30 илјади. Од нив 10% нека се само по основ на помала годишна вредност од 6000 евра, нека пресмета некој колку пари се тоа.

Дури ни Бирото за јавни набавки, ниту Владата нема контрола колку пари по овој основ се трошат. Оваа одредба е толку широка и дава толку големи можности за злоупотреба на парите што навистина не ја гледам причината да стои. 100 евра е разумна сума. Може да се случи да снема харитија, пенкала, спајалици и слично, но 500 евра да набавувате вие основни средства чинат по 500 евра. Колегата Јани Макрадули зборуваше и за компјутери. За 6000 евра може да набавите па да се договорите со добавувачот секој месец да ви фактурира по 500 евра. Не е едноставна оваа работа и не се мали средствата за кои што зборуваме.

Затоа би ги замолил колегите да го поддржат овој амандман и оваа одредба да се смени во законот.

Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

За реплика се јави заменик министерот за финансии, повелете.

**Недим Рамизи:** Благодарам претседателе.

Со овој член се работи само за инцидентни набавки кои што не можат да се планираат за вкупните набавки во тековниот месец. Така да она што беше како прашање колку пати ќе може да се применува, еднаш извршена набавка за таа намена не може да се повторува во наредните месеци. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** За контра реплика се јави господинот Марјанчо Николов, повелете.

**Марјанчо Николов:** Благодарам.

Претседателе би замолил да проверите, ми јавија дека наводно саат време немало тон на Собраниskiот канал. Не знам дали е точно и дека не оди со тон седницата на Собранието.

**Трајко Вељаноски:** За ова службите ќе ме информираат за кратко време дали е точно, а за реплика повелете.

**Марјанчо Николов:** Во однос на она што го кажа заменикот министер ние знаеме дека е инцидентно, меѓутоа случаите кога може да се корисни инцидентно не се наведени во законот. Вие секоја набавка што е под 500 евра можете да ја направите инцидентно. Нема правило, а претходно постоеше 100 евра и навистина не можете да направите поголемо основно средства

освен некои ситни работи. Имаше решение во стариот закон господине министре во кое што беше предвидено за итни набавки, неодложни потреби да барате согласност од Бирото. Сега тоа го избришавте и затоа бараме Бирото да биде самостоен орган.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Пред да поминеме понатаму, да ве информирам дека има тон, погрешно ве информирале вас дека немало тон при преносот.

Бидејќи е исцрпена листата на пријавени пратеници за збор, констатирам дека претресот по амандманот е завршен.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 52 пратеника, од нив за амандманот гласаа 11 пратеника, 1 се воздржа и против гласаа 40 пратеника.

Молам службите да утврдат точен број на пратеници во салата.

(Службите ги пребројуваат присутните пратеници во салата)

Во салата се присутни 57 пратеници, не е полноважно гласањето.

Ги молам пратениците кои се надвор од салата да влезат во салата.

(Во салата влегуваат некои пратеници)

Во салата има повеќе од 61 пратеник.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 62 пратеника, од нив за амандманот гласаа 14 пратеника, 1 се воздржа и против гласаа 47 пратеника.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот за додавање нов член 3-А по членот 3 поднесен од пратениците Весна Бендевска и Марјанчо Николов.

Отворам претрес по амандманот за менување на член 4 поднесен од пратениците Весна Бендевска и Марјанчо Николов.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот за финансии.

**Недим Рамизи:** Амандманот не се прифаќа.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Амандманот не се прифаќа.

Ги повикувам пратениците кои сакаат да говорат по амандманот да се пријават за збор.

За збор се пријавија Менде Диневски, Јани Макрадули и госпоѓата Весна Бендевска.

Има збор господинот Менде Диневски, повелете.

**Менде Диневски:** Благодарам претседателе.

Со неприфаќањето на претходниот амандман апсолутно се покажа дека навистина Владата на чело со ВМРО-ДПМНЕ продолжува понатаму немилосрдно да ги троши парите на граѓаните, едно да прави во пракса, а сосема нешто друго да прикажува во јавноста.

Но, да проговорам малку за членот 4 и неговото менување.

Како што кажав и претходно Бирото за јавни набавки кое до пред една година функционираше согласно стариот закон имаше голема улога во постапките за јавни набавки бидејќи даваше согласност и тогаш кога навистина во ситуации требаше да се направат одредени отстапки од класичните постапки за јавни набавки преку распишување на тендер, заради тоа што со тоа се овозможуваше транспарентност и одговорност на работата со финансиските средства.

Наместо пред една година лоцираните грешки и сите оние недоследности кои беа прикажани во работата на Бирото за јавни набавки, наместо да претставуваат императив за дополнување или изменување на Бирото за јавни набавки навистина продолжуваме и понатаму да се однесуваме со него како да е привезок на Министерството за финансии.

Од тие причини сосема спротивно Бирото за јавни набавки наместо да се осамостои во работата, наместо да добие поголема независност од Владата и од Министерството за финансии има спротивно дефинирање, а тоа значи дека во иднина тоа повторно треба да продолжи да биде "Англиска Кралица" односно само да ги евидентира сите постапки за јавни набавки и да нема никаква контрола врз непосредните спогодби.

Од таа причина во членот 4, измените и дополнувањата што се предлагаат на членот 4 каде што се предлага да стои дека Бирото за јавни набавки ќе има, ќе биде правно лице ние бараме да се дополни со три нови ставови и тоа:

Бирото за јавни набавки е државен орган кој е самостоен во својата работа, и има својство на правно лице.

Второ, Бирото за јавни набавки има стручни служби.

Вработените во стручните служби имаат статус на државни службеници согласно со Законот за државни службеници и

Бирото за јавни набавки се финансира од Буџетот на Република Македонија.

Навистина со ваквите изменувања и дополнувања на членот, со додавањето на трите нови става му се дава можност на Бирото за јавни набавки да ја врши онаа функција за која навистина е создадена.

Од тие причини ја бараме поддршката на пратениците од парламентарното мнозинство бидејќи навистина ако сакаме да работиме транспарентно, ако сакаме да имаме конкурентност и ефикасност во постапките за јавни набавки навистина на Бирото за јавни набавки треба да му дадеме својство онака како што заслужува. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Има збор господинот Јани Макрадули, повелете.

**Јани Макрадули:** Благодарам претседателе.

Почитуван заменик министре, колешки и колеги пратеници, за жал и овој законски предлог за изменување на Законот за јавни набавки не оди во правец на поголема транспарентност и независност во трошењето на јавните набавки бидејќи останува Бирото за јавни набавки во рамките на Министерството за финансии, а на министерот, на пример согласно член 14-А од предложениот закон дури му се даваат и нови дискрециони права, како на пример да ги пропишува начинот на програмата и спроведување на истиот, висината на надоместокот, како и формата и содржината на потврдата. Апсолутно едно непотребно дискреционо право што му се дава, а во одредбите пишува дека се залагаме за поголема независнот на Бирото за јавни набавки.

За жал, неосамостојувањето на Бирото за јавни набавки каде што директорот на Бирото за јавни набавки го избира Владата на предлог на министерот за финансии овозможува политичко влијание и го остава како орган заложник на потребите на Владата во спроведувањето на “наредбите” за подобни и неподобни компании кои конкурираат за одредена дејност.

Сите проекти кои што се грижат за поголема транспарентност во Македонија и борба против корупцијата зборуваат за самостојност и независност на Бирото за јавни набавки.

Јас кажав кога зборував општо по законот дека има многу позитивни примери во Европа каде што независноста на Бирото за јавни набавки довело до големи заштеди. Во Австрија тоа се 10% годишно, во други земји многу повеќе, во Романија каде што комплет работи електронскиот систем за јавни набавки.

Ние мораме да сватиме дека таквите агенции, такви независни тела кои ќе бидат ослободени од притисокот на политички влијанија, кои на пример ќе се бираат во Собранието по пат на конкурс, директорот со 2/3 поддршка ќе може да зрачи со авторитет и да може да решава како ќе се распределуваат парите и на кого ќе се даваат парите од граѓаните.

Јас се надевам дека Собранието односно парламентарното мнозинство ќе собере сила во Второстепената комисија, која ќе се бира во Собранието навистина да се изберат компетентни луѓе кои што ќе можат да бидат поддржани од сите политички партии во Парламентот за да имаме доверба во контролата и начинот на кој што се трошат парите од граѓаните.

Се додека директорот на Бирото за јавни набавки ќе се бира од страна на Владата на предлог на министерот, се додека активностите на Бирото за јавни набавки ќе ги пропишува министерот за финансии, јас не знам зошто, тогаш не ќе можеме да сметаме на доверба кон оваа институција.

Се додека нема да ги ослободиме вработените во Бирото давајќи им можност или шанса, или статус на државни службеници согласно Законот за државни службеници тогаш тие ќе бидат под постојан притисок на позицијата која ја имаат во рамки на Бирото.

Давајќи им статус на државни службеници тогаш ќе работат онака како што по препораките на Европската комисија, на систем на вредности, на мерит системот ќе можат да напредуваат и ќе знаат, бидејќи тие ќе бидат лојални на позицијата и на државата и ќе бидат лојални на трошењето на парите од државата.

Се додека бидеме со вакви одредби во Законот каде што Бирото не ги исполнува основните одредби, јас сеуште чекам на веб страницата да се појави кој е победник на тендерот на 100 илјади компјутери. Сеуште сакам да знам која компанија победила на тој тендер и зошто за еден тендер кој е распишан пред година и пол дена Македонски телеком дава пари, за дел од тој проект, Јавното претпријатие за Македонска радио дифузија распишува тендер за тој проект а вработените немаат шест месеци земено плата. Во планот за јавни набавки за 2008 година Јавното претпријатие нема дадено дека ќе прави утичници и ќе прават мрежа по школите. Ниту му е во дејноста, ниту му е во областа. Или пак да не зборувам за најомилената активност на Владата за проектот отекуваме, е тоа кој кампањите ги контролира. Во понеделникот бевме сведоци (Х:0) министерот на одговори по стоилјадити пат колку чини една кампања. Вели таа е кампања на Владата, како да Буџетот е негов и од надвор како да има друг Буџет. Еден буџет има Никола Груевски, а друг буџет има Трајко Славески. Нормално во такви услови кога зборуваме со немерливи вредности, како што вели премиерот “кампањата чини многу помалку од ефектот”, тогаш на Владата и треба биро кое што ќе си го избира сама и кое што ќе работи во функција на Владата. Кога ќе сакаме да направиме држава во која што парите на граѓаните ќе се трошат транспарентно, јавно, по систем на квалитет тогаш ќе направиме независно тело, агенција, биро за јавни набавки, директорот ќе го бираме овде со поддршка од 2/3, ќе има мандат од 7-8 години, вработените ќе си имаат статус на државни службеници и тогаш ќе си формираме едно тело по сите теркови европски и светски кое ќе си работи.

Затоа една од забелешките на Светската банка беше кога се носеше минатиот пат овој закон дека не се собира храброст и политичка волја да се формира независно Биро за јавни надавки, туку сме во рамки на Министерството за финансии, со новиот предлог на закон се воведува некоја едукација за јавните набавки и јас се кладам дека ќе бидеме сведоци на една кампања повторно која ќе оди по 20 минути на Сител и Канал 5 како ни објаснува дека има нови вредности за јавни набавки кои што Бирото ги прави ама ги пропишува министерот за финансии.

Со повеќе дискрециони права ниту ќе добиеме позитивен чекор во извештајот од Европската комисија ниту она што е најбитно парите на

граѓаните ќе имаат осет и увид каде се трошат.Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Има збор госпоѓа Весна Бендевска, повелете.

**Весна Бендевска:** Очигледно немам среќа, едно што нема тон, преносот на Собранискиот канал, не можам ни да говорам, се извинувам за дигресијата.

Во врска со нашиот предложен амандман да се промени членот 4 со кој што вие предвидувате Бирото да добие само статус на правно лице, морам во интерес на вистината да го прочитам образложението што Министерството за финансии го дава во прилог на овој Предлог на закон за изменување. Вели:

“Кога Бирото за јавни набавки ќе го добие статусот правно лице”, ама да не заборавиме, од 1 септември наредната година, а не сега веднаш, е тогаш “тоа ќе значи зголемено ниво на ефикасност” и внимавајте “поголема автономија и самостојност во работењето”.

Ама, да не заборавиме, не сте го смениле начинот на функционирање на Бирото. Директорот повторно ќе го избира Владата на предлог на министерот Славески. И, каква ќе биде таа автономност, таа самостојност и таа независност, можам да претпоставам. Бидејќи, претпоставувам дека во образложението, ако беше така, ќе наведевте и Директивата што е предвидена по законите од Европската унија. Но, нема таква директива. Инаку, во сите други, на пример кај електронските аукции пишувате Дирткviата 17 и 18 од 2004 година, задоволувате некои барања.

Но, кај Бирото за јавни набавки нема директива. Бирото ќе добие по една година статус на правно лице. Дирктoрот повторно ќе мора да добие амин од Славески и да оди на седница на Влада. И повторно, тој директор, ако не е со партиска книшка од владеачката коалиција, изгледа ќе треба да биде на листа од кај Бранко Јаневски.

Да не заборавиме, во мај 2007 година Центарот за граѓански комуникации за намалување на корупцијата во Македонија, што е асоцијација на поголем број невладини организации, предложи и до нас достави 40 мерки за подобрување на системот на јавни набавки. Една од тие мерки беше да се измени токму начинот на работата на Бирото за јавни набавки, бидејќи сметаа дека треба да се воведе независен систем на мониторинг на јавните набавки, односно предлагаа, буквално, Бирото да има надлежност да пружа заштита на сведоците кои пријавуваат корупции при јавни набавки. На сите нивоа. И во органите на државната управа и во органите од единиците на локалната самоуправа. Но, тоа не помина кај вас.

Оти, тоа токму ќе значеше сосема друго. Ќе значеше независност на Бирото за јавни набавки. Ќе значеше ред и поредок во јавните набавки. Ама не беше тоа ваша интенција. Ваша интенција е повторно господинот Славески да ги држи конците во рака.

И, не не чуди тоа што на милион, буквално, пратенички прашања што гласеа - од која буџетска ставка се платени рекламите и спотовите на оваа Влада, господинот Славески одговараше - не е моја надлежност, прашајте на друго место.

Ако Бирото за јавни набавки имаше навистина солидна независност, тогаш многу лесно ќе доаѓавме до прашањата колку пари се потрошиле, дали се потрошиле согласно закон и тоа ќе значеше ред. Но, господинот Славески не само што трошеше пари за кои мораше да ги употреби одредбите од Законот за јавни набавки при рекламирање на остварувањата на оваа Влада, туку требаше да си обезбеди начин тоа да не дојде до јавноста.

Затоа, кога говориме дека Европската комисија не пофалила во поглед на транспарентноста на работењето, па ајде ви се молам, нема веќе толку наивни граѓани. Дајте, да не ја потценуваме интелигенцијата на граѓаните на Република Македонија. Тие имаат право да знаат, бидејќи од кај нив доаѓаат парите.

Бирото за јавни набавки ќе биде една од претпоставките кога, доколку собереме храброст да дозволиме независност од политички влијанија и доколку добро си ја работи својата работа, ќе воведе ред и поредок во трошењето на парите. А, кога има ред и поредок, нема потреба и причина да се кријат начините и злоупотребите на средствата на граѓаните.

Е тогаш, почитувани колеги, претпоставувам дека ќе добиеме многу солидна оценка дека сме напреднале, барем таму. Ама, со постојниот Закон што едвај да додржа девет месеци а да не го промените, одиме од лошо кон бетер.

И, претпоставувам дека и тајмингот, за кога ги нудите овие промени е сива зона, претпоставувате дека Извештајот од ноември, на Европската комисија е веќе готов, па се надевате дека е кратко помнењето на граѓаните ова ќе влезе во извештајот за идната година. Но, ние повторно ќе бидеме тука, повторно ќе тапкаме во место и повторно ќе добиваме буквално црвени картони за вакви законски решенија. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Бидејќи е исцрпена листата на пријавени пратеници за збор, констатирам дека претресот по амандманот е завршен.

Пред да го ставам амандманот на гласање ги повикувам пратениците да влезат во салата.

Молам службите да утврдат точен број на пратеници во салата.

(Службите утврдуваат точен број на пратеници во салата)

Ја прекинувам седницата, продолжуваме во 13,30 часот.

(Кратката пауза претседателот ја даде во 13,09 часот)

(По паузата седницата продолжи со работа во 13,31 часот)

**Трајко Вељаноски:** Ги повикувам пратениците да влезат во салата.

(Минуваат минути на чекање)

Ги повикувам пратениците да влезат во салата.

(Минуваат минути на чекање)

Молам службите да утврдат точен број на присутни пратеници во салата.

(Службите ги пребројуваат пратениците)

(Нема доволен број)

(Минуваат минути на чекање)

Во салата има 58 пратеници.

Ги повикувам пратениците да влезат во салата.

(Минуваат минути на чекање)

Во салата има 61 пратеник.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале вкупно 59 пратеника, за гласале 6, 1 воздржан, 52 против.

Ги повикувам службите да утврдат точен број на присутни пратеници во салата.

(Службите ги пребројуваат пратениците)

Во салата има 62 пратеника, полноважно е гласањето.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот за менување на член 4, поднесен од пратениците Весна Бендевска и Марјанчо Николов.

Отворам претрес по амандманот за додавање нов член 5-а по членот 5, поднесен од пратениците Весна Бендевска и Марјанчо Николов.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменикот министер за финансии, повелете.

**Недим Рамизи:** Амандманот не се прифаќа.

**Трајко Вељаноски:** Амандманот не се прифаќа.

Ги повикувам пратениците кои сакаат да говорат по амандманот да се пријават за збор.

(Минува минута на чекање)

За збор се јавија господинот Марјанчо Николов и госпоѓата Роза Топузова Каревска.

Има збор господинот Марјанчно Николов, повелете.

**Марјанчо Николов:** Благодарам.

Со амандманот поднесен од наша страна се предлага во иднина директорот на Бирото за јавни набавки по пат на јавен конкурс да го именува и разрешува Собранието на Република Македонија на предлог на Комисијата за прашања на изборите и именувањата. Значи, да се избрише постојното решение со кое министерот за финансии го именува директорот на Бирото за јавни набавки. Сметаме дека ваквото решение во значителна мера ќе придонесе за зголемување на независноста и самостојноста на Бирото за јавни набавки како еден од клучните органи во спроведувањето на постапките за јавни набавки.

Не знам зошто Владата го одби амандманот и во Собранието Владата има мнозинство дури и да го прифатеа нашиот амандман сепак на крајот ќе избереа директор по нивна волја односно онака како што сака владеачкото мнозинство.

Не е разбирливо, веројатно се обидувате да избегнете дебата околу евентуалниот предлог кој би дошол во Собранието како што беше вчерашната дебата околку дополнувањето на членовите во електронските комуникации.

Цениме дека навистина со едно вакво решение во значителна мера Бирото за јавни набавки ќе може посамостојно да презема одредени постапки во оценување на неправилности при спроведувањето на јавните набавки адекватно да реагира затоа што директорот на Бирото за јавни набавки нема да биде под директна контрола на Министерството за финансии кое е воедно и чувар на Буџетот и парите на граѓаните. Сега Министерството или Владата си спроведува јавни тендери Бирото за јавни набавки треба да го контролира оној кој е над него надреден.

Мислиме дека такво решение не е добро во законот и затоа апелирам до колегите пратеници да го подржат овој амандман. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Има збор госпоѓа Роза Топузова Каревска, повелете.

**Роза Топузова Каревска:** Благодарам почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници,

Јас секогаш кога ќе има амандман со кој се јакне улогата на Собранието секогаш ќе дадам подршка без разлика од каде доаѓа. Дали доаѓа од пратеник од парламентарното мнозинство или од опозицијата, а доколку Владата направи еден чекор на добра волја од сите тие 100 и предложи вакво решение, тогаш апсолутно ќе ја пофалам за направениот чекор. Меѓутоа, не очекував од министерот дека ќе го прифати овој амандман, за разлика од мојот колега Марјанчо Николов, навистина очекувам од пратениците од парламентарното мнозинство да дадат подршка за амандманот.

Значи, како што реков, секогаш кога се работи барем малку да ја вратиме уставната улога која треба да ја има Собранието, која му е доделена според Уставот, да ја вратиме демократијата, функционирањето на правната држава и да го подигнеме дигнитетот на Собранието, јас ќе дадам подршка.

Дотолку повеќе што овој амандман, освен ова што до сега го кажав, нуди уште една можност. Јас ќе го прочитам. Вели: “Директорот на Бирото за јавни набавки го именува по пат на јавен конкурс и го разрашува Собранието на Република Македонија на предлог на Комсијата за прашања на изборите и именувањата”. Од што бегаме колеги, од што се плашите? Го имате

апсолутното мнозинство. Не може опозицијата во ниеден случај да влијае да го изберете некој што нема да биде по вашата волја. Но, барем ќе имаме можност, ќе им дадеме можност на луѓето да се јават на јавниот оглас. Секогаш сум се залагала за институцијата јавен конкурс. Мислам дека е тоа едно од основните правила на демократијата.

Кога ќе се пријават луѓето на јавниот оглас кој го распишува Собранието ќе можеме барем да дебатираме за стручноста и компетентноста на луѓето што ќе бидат избрани. Можеби и ние ќе дадеме поддршка доколку ги исполнува условите. И да не бидеме погрешно сфатени како што сакате вие да и пренесете на јавноста дека опозицијата сега зборува против само за да зборува, аргументирано ќе ви објаснам.

Вчера имавме избор на член за електронските комуникации, избравме член кој не ги исполнува условите, но барем укажавме, тоа е работа на опозицијата да укаже дека човекот не ги исполнува условите и да каже дека доколку Собранието упорно гласа, мислам на парламентарното мнозинство дека ќе поднесеме претставка во Уставниот суд.

Во овој случај, почитувани колеги, исто има одредба каде вели директорот на Бирото за јавни набавки треба да има високо образование од областа на правото или економијата и работно искуство од најмалку 5 години. Значи, јас сега после она што вчера се случи, апсолутно не сум сигурна, кога овде пред очите на целокупната македонска јавност, пред очите на 70-тина, колку бевме, присутни пратеници се избра човек кој нема пет години работно искуство, кој гарантира дека лицето од член 13 став 2 односно министерот за финансии ќе ги почитува критериумите. Токму поради тоа сметам дека е добро предлогот што го имаат дадено колегите да имаме јавен конкурс, да го избира и разрешува Собранието, пак ќе повторам, со ваша согласност почитувани колеги од парламентарното мнозинство од што бегаме, од одговорност? Па, редно е да ја преземеме одговорноста.

Зошто сметам дека е важно? Ако го погледнеме членот 14 и првите алинеи ќе видиме дека навистина ова е добар предлог. За овој предлог вреди да се даде подршка како од опозицијата така и од парламентарното мнозинство.

Имено, членот 14 вели: “ Бирото за јавни набавки ги врши следните работи...” со оглед на тоа и директорот “ иницира предлози за донесување на законски и други акти од областа на јавните набавки до министерот за финансии”. Нели сме законодавен дом, зошто ние не би учествувале во изборот на оваа личност.

Алинеја 2: “го следи и анализира спроведувањето на законот и другите прописи за јавните набавки, функционирањето на системот на јавните набавки, иницира промена за подржување на системот за јавни набавки”. Исто надлежност која има допирни точки со работата на Собранието. Дава мислења во врска со одредбите и примената на овој закон.

Да не ги читам другите алинеи, бидејќи ги има уште значителен број, доволно беше и ова, се надевам, на оние кои внимателно ме следат колегите од парламентарното мнозинство да се разубедат дека навистина ова законско решение, овој предлог на амандман заслужува внимание и конечно треба сите ние до еден да работиме да го вратиме дигнитетот на Собранието затоа што не е доволна само изјавата на претседателот на Собранието дека ќе го направи Парламентот “Храм на демократијата” да, демократија, но во секој случај која ќе ја потврдиме со прифаќањето на вакви амандмани.

Не можам да бидам свесна како може парламентарното мнозинство да не сака да прифати амандман кој оди во корист на Собранието, а при тоа со ништо не навлегува во работата и ингеренциите на Владата, ниту и одзема некои не знам какви права плус тоа нуди еден демократски начин на избор на директорот на Бирото за јавни набавки, многу важна функција затоа што задира во една исклучително чувствителана сфера. Сите мора да признаеме дека основа на корупцијата, најголем дел корупција се случува токму при јавните набавки. Дали Собранието сака да биде на страна од тие процеси? Јас дури би предложила директорот на Бирото еднаш годишно да доставува извештај до Собранието, но апсолутно ако се нема желба да се прифати да биде избран овде на јавен конкурс и по трет пат ќе кажам повторно по желба на парламентарното мнозинство значи работите нешто не се добри. Се сака на мала врата без да дознае македонската јавност кој е избран и да биде во апсолутна служба на Владата.

Ве молам колеги размислете, се работи пред се за дигнитетот на Собранието. Пак директорот ќе си функционира како што ќе си функционира, но барем ќе можеме да дебатираме за стручноста и компетентноста и мерливите критериуми. Затоа што ако има критериум пет години работно искуство, ако неговата биографија кажува дека има само две, тоа е дека веќе не исполнува еден мерлив критериум. Ајде стручноста и компетентноста може да ја оспоруваме или да ја потврдуваме или да ја фалиме, но ова е мерлив критериум и затоа ве молам да дадете подршка на овој амандман. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Бидејќи е исцрпена листата на пријавени пратеници за збор, констатирам декапретресот по амандманот е завршен.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 63 пратеници, од нив за амандманот гласаа 8 пратеници, од гласањето не се воздржа никој, против гласаа 55 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот за додавање нов член 5-а по членот

5, поднесен од пратениците Весна Бендевска и Марјанчо Николов.

Отворам претрес по амандманот за бришење на член 6, поднесен од пратениците Весна Бендевска и Марјанчо Николов.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменикот министер за финансии, повелете.

**Недим Рамизи:** Амандманот не се прифаќа.

**Трајко Вељаноски:** Амандманот не се прифаќа.

Ги повикувам пратениците кои сакаат да говорат по амандманот да се пријават за збор.

(Минува минута на чекање)

За збор се јавија господинот Марјанчо Николов, госпоѓа Цветанка Иванова, госпоѓа Соња Мираковска и госпоѓата Роза Топузова Каревска.

Тука ја прекинувам седницата, продолжуваме во 15,00 часот, благодарам.

(Паузата е дадена во 14,00 часот)

(По паузата седницата продолжи со работа во 15,10 часот).

**Светлана Јакимовска:** За збор се пријавени Марјанчо Николов, Цветанка Иванова, Соња Мираковска и Роза Топузова Каревска**.**

Збор има пратебникот Марјанчо Николов, повелете.

**Марјанчо Николов:** Благодарам потпретседателе,

Со амандманот што го предлагаме, а кој се однесува на членот 6 и бараме истиот да се избрише, всушност се работи за состојба во која е предвидено Бирото за јавни набавки да врши едукација и потоа во ставот 3 е предвидено дека по завршената едукација се полага испит, според програма за едукација за јавни набавки.

Ставот 4 гласи - испитот се полага пред испитна комисија која ја формира директорот на Бирото. На лицата кои положиле испит Бирото им издава потврда. Потоа, ставот 5 - програмата, начинот на спроведување на испитот, висината на надоместок како и формата и содржината на потврдата, ги пропишува министерот за финансии.

Овој член јасно кажува дека намерата на Валдата е да воведе нови давачки за правните лица во Република Македонија.

Ако веќе Владата има некаков концепт да издава некои потврди и лиценци за лицата кои ќе работат во комисиите за јавни набавки и тие потврди и лиценци да носат некоја поволност или предност, во смисла на тоа да можат истите постручно да ја вршат функцијата член на Комисијата за јавни набавки, навистина е издржано. Меѓутоа, вака како што е предложено да се издаваат потврди а при тоа да не е објаснето за што ќе служи оваа потврда односно зошто правното лице или, овде не е наведено, некој сам ќе полага испит да добие потврда за што ќе ги даде тие пари во Буџетот на Република Македонија.

Би го замолил заменикот министер за финансии да го објасни концептот на Валдата околу издавањето на овие потврди. До колку не се јави ќе сметаме дека целта е всушност само да се воведе нова давачка, да се користат тие пари за други активности, ајде да речеме на Бирото за јавни набавки. Но, освен едукацијата, од она што е напишано во законот Бирото за јавни набавки нема други обврски. Тоа што таму е пропишано кои работи ќе ги врши Бирото за јавни набавки, всушност спрема правните лица е не само советодавната и едукативната улога. Сега и за тоа Бирото ќе зема пари. Ако е целта Бирото за јавни набавки да стане некоја финансиски моќна институција, тогаш Валдата нека обезбеди средства од Буџетот, бидејќи постојано слушаме како министерот за фианнсии се фали колку добро се полнел Буџетот, колку поголеми приходи се остварувале во Буџетот и при тоа тоа го правда со тоа дека многу е зголемена економската активност, или се зголемиле финансиските способности на претпријатието, што не е точно. Се работи за концепти кои Владата на еден начин ги прикажува, во пракса испаѓа друго, и персоналниот данок. И данокот на добивка во суштина значат дека фирмите ќе плаќаат повеќе отколку што плаќале претходно. Затоа бараме, како пратеници имаме право за тоа некој да ни објасни, за што ќе служат овие потврди, зошто луѓето ќе плаќаат пари. Дури тука не е пропишано и минималната висина на потврдата. Ако е целта, како што беа патриотските сметки кои паднаа на Уставен суд, ако е целта, како што беше со лиценците за продажба на алкохол или редица други давачки и ако е целта како што беше Законот за јавна чистота, па сега ги терате и припадниците на МВР да пишуваат минимум по две казни за да се наполни Буџетот, тогаш донесете некој друг закон, немојте да ги оптоварувате луѓето кои работат со јавни набавки, со потврди кои немаат вредност, немаат валидност, немаат значение. Едноставно ќе си платите и после можете да си ја чувате потврдата како убаво сеќавање дека сте биле на некој курс, бидејќи никаде нема да ви користи, не ни може да користи додека Министерството за финансии не воведе концепт, да пропише задолжително во јавните претпријатија или буџетските корисници да постои сектор за јавни набавки од минимум 5 или 7 члена кои ќе мора да имаат вакви потврди. Без тоа не може. Сега во законот е дадена можност комисиите да се менуваат по потреба. Како ќе цени директорот на договорниот орган, така ќе формира комисија за било која набавка. Сега секој од нив нема обврска да има потврда, а од друга страна Бирото за јавни набавки ќе издава потврди. Затоа сметаме, додека не се регулира оваа намера на Министерството за финансии, на Бирото за јавни набавки, да земаат дополнителни средства од правните лица, додека не се направи концепт на истото, овој

член нема потреба сега да го носиме и најдобро ќе биде да се избрише. Ако Министерството за фианнсии разработи начин како овие потврди во иднина да бидат предност, да даваат потврда дека лицето е овластено да врши постапки за јавни набавки во ред, но сега во оваа ситуација тоа значи само собирање на пари од оние кои ќе одат на едукација и ќе сакаат да ги добијат тие потврди. Бирото ќе стане можеби побогато, Буџетот можеби ќе се дополни уште малку, за некоја реклама плус, но во суштина не добиваме никаков ефект. Затоа велиме дека вакви измени и дополнувања во смисла само колку нешто да се напише и да се воведе нова давачка, не можеме да ги прифатиме. Затоа законот нема да го пдоржиме.

Законот можеби има и добри решенија околу електронскиот систем за јавни набавки, до колку Бирото или Министерството обезбедат соодветен софтвер кој ќе функционира во една ситуација и повеќе корисници на него да се приклучат. Но со вакви решенија да се земаат пари без да се даде соодветна услуга или сертификат за тоа кој ќе има валидност, навистина не можеме да го пдоржиме овој закон. Благодарам.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам и јас.

Збор има госпоѓа Цветанка Иванова, повелете.

**Цветанка Иванова:** Благодарам госпоѓо потпретседателке.

Со поднесениот амандман практично се бара бришење на членот 6 од измените на Законот за јавни набавки со кој се бара да се избрише новата предвидена обврска за едукација на учесниците на јавни набавки и плаќањето на надоместокот, како и издавањето на потврди.

Прво, да не се разбереме погрешно во јавноста. Ние пратеничката група на СДСМ и јас сме за едукација и тоа за континуирана, постојана едукација, не само во оваа обалст туку и во сите области. Меѓутоа, читајки ја содржината на овој член, мене не ми е јасно и на сите нас не ни е јасно која била идеата на предлагачот да предвиди ваква едукација.

Прво, за мене е нејасно кои се ќе бидат опфатени со оваа едукација, кои се ќе се третираат како учесници во едукацијата. Значи кој е опфатот на лица.

Понатаму, зошто се предвидува уште една обврска за плаќање или издатоци на граѓаните или на лицата кои сакаат според закон да ја исполнат оваа обврска и да се едуцираат, зошто се обврзани и им се наметнува уште една давачка. Мене тоа малку одприлика ји личи како Законот за јавна чистота. Ако видите, под плаштот, дека ние сме за јавна чистота, Република Македонија да е чиста, да е еколошка на што не се противам и јас сакам таква Република Македонија да видам, но од друга страна гледам дека целта на предлагачот на Законот за јавна чистота било да ги чисти и те како празните џебови на нашите граѓани. Гледате изминатите неколку недели постојано се прават пресметки колку пари се слевале во Буџетот на Република Македонија од граѓаните кои едвај врзуваат крај со крај. И сега еве уште една обврска.

Потпретседателке ако сакате да создадете услови за работа, да биде малку потивко. Барем треба да се слушаме, да слушнеме можеби нештопа можеби ќе допре и до оној од чија страна навистина се се одбива.

**Светлана Јакимовска:** Почитувани коелги малку поголема тишина за да ја слушнеме пратеничката Иванова.

**Цветанка Иванова:** Мислам дека тоа е уште една давачка на граѓаните кои секако ќе сакаат или се опфатени со овој закон, да се едуцираат.

Понатаму, јас секогаш сум за континуирана едукација, задолжителна континуирана едукација. Вака како што е срочен овој член значи, со добивањето на потврдата за едукација, едуакцијата практично е еднократен чин. Ќе се едуцира и едукацијата ќе заврши со добивање потврда. Зошто служи таа потврда на никого не му е јасно и што ќе се случи во ситуација кога имаме енормно менување на законите, практично штанцаме закони, секои 6 месеци Законот за јавни набавки се менува. Што ќе се случи со оние учесници во едукацијата, како што се наречени во овој член, кои се едуцирале, кои платиле за таа едукација од сопствен џеб, кој добиле потврда која ништо нема да им значи, илине знам за каде ќе им биде оваа потврда и откако ќе се смени Законот дали повторно ќе бидат принудени и упатени на едукација, или таа едукација ќе биде само за одредбите кои важеле до моментот на едукацијата, а за измените не е потребна. Еве ја апсурдноста на решението. Зато јас не можам да ја сватам идеата на предлагачот на ова решение. Повторувам, јас сум за едукација но за континуирана едукација. Јас сум за едукација, но не на трошок на учесниците на едукацијата затоа што државата треба да биде заинтересирана во оваа област да има едуцирани лица кои ќе ги препознаваат девијантните појави на трошењето на јавни пари, затоа што јавните набавки се јавни пари, пари од Буџетот.

Ова одредба од членот 14 или можноста односно решението со кое се предлага испитната комисија да ја формира директорот на Бирото и секако да им издава потврда и минситерот да донесува програма и да го спроведува испитот, секако е уште едно мешање на политиката и во овој дел и практично ќе има можност за слектирање на подобни и непдобни едуцирани учесници, едните ќе го завршуваат со успех едуцирањето и ќе добиваат потврди, а овде не гледам како ќе се заврши ако е неуспешна едукацијата, дали ќе им се издаде потврда, бидејки ако е неуспешна едуакцијата не би требало да им се издава потврда. Се на се не јасен и без концепт член. Уште еднаш повторувам дека сме за едукација, но не за ваква, за едукација која ќе биде континуирана, за која ќе се грижи државата, која ќе оди на товар на

државата и за едукација која навистина ќе ги даде очекуваните резултати.

Уште еднаш барам претставникот на предлагачот да ни објасни која е целта на ваквото решение и недоречеността кои гикажав во однос на тоа кои се учесници, зошто ваква еднократна едукација, зошто да се издаваат потврди, кому ќе му служат тие потврди и за каде, што ќе се случи во случај на менување на Законот, а не е опфатен со едукацијата или со учесникот кој положил. Тоа се прашања кои реално се наметнуваат и бараат одговор. Затоа и ги поставувам и барам одговор. Благодарам.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам и јас.

Збор има пратеникот Соња Мираковска, повелете.

**Соња Мираковска:** Почитувана потпретседателке, почитувани коелги, амандманот поднесен од пратениците Весна Бендевска и Марјанчо Николов го пдоржувам затоа што сметам дека членот 6 треба да се брише. овој член го додаваат предлагачите во Предлог законот каде Бирото за јавни набавки станува правно лице и сосема е јасно која е причината, зошто сега Бирото за јавни набавки има уште една улога, а тоа значи се појавува во улога на едукација на учесниците во јавни набавки. На Бирото за јавни набавки сега како правно лице ќе му требаат средства на неговата сметка. Ова е една форма како замислиле дека треба да прибираат средства, без притоа воопшто, она што го спомнаа и колегите, не се води сметка за тоа како луѓето ќе поднесат уште едно такво плаќање и коај е реалната причина за една ваква одредба.

Сметам дека, како и многу други одрдби кои ги носиме и оваа може да се надмине себе си, а тоа значи многу едноставно, оваа потврда која се предвидува во овој член може да стане кочница и некои луѓе воопшто да бидат во ситуација едноставно да не можат да се јават на јавна набавка. Тоа можеби нема да се случи веднаш, но ќе се случи во едно блиско време.

Сигурно знае и предлагачот дека еден голем дел од учесниците на јавни набавки, можеби 90% од фирмите кои учествуваат во јавни набавки се фирми кои многу сериозно приоѓаат кон учеството во јавни набавки затоа што од тоа живеат. Во голем број фирми професионалци учествуваат во јавните набавки по строго утврдени процедури кои ги дава Бирото за јавни набавк, но тие ги почитуваат затоа што така обезбедуваат своја плата и немаат право на грешки затоа што една лоша јавна набавка може во една приватна фирма да значи дека некој ќе треба да излезе од работа. Значи тие луѓе го знаат законот.

Јас не гледам причина, освен во некои исклучителни случаи кога нешто нов се менува, па треба да се одржат семинари, дали преку Стопанска комора или преку други форми на обука да им се презентира некој друг закон, но дајте да не ги потценуваме луѓето. Луѓето знаат да го читаат законот и многу добро знаат да учествуваат во јавните набавки. Мислам дека причината едноставно може да се види зошто една ваква одредба се внесува воовој Предлог закон, а тоа е, како што реков икако што веќе кажаа колегите пред мене, дополнителни средства на сметка на Бирото за јавни набавки, но и опасноста, јас не тврдам но можно е тоа да се случи, оваа потврда да биде бариера, еден одреден број на фирми или лица од тие фирми кои ќе бидат испратени во Бирото за јавни набавки за обука, да не можат да го поминат тој тест, тој испит, а тоа би значело да не можат да учествуваат на јавни набавки и тоа би било сигурно еден голем филтер. Оние што не им се допаѓаат како фирми да не можат да учествуваат на јавни набавки. Затоа уште еднаш ќе повторам. Сметам дека овој член треба да се брише и Бирото за јавни набавки има еден огромен список на дејности кои треба да ги извршува. Постои само уште една дилема. Дали знаете дека сите службеници во Бирото за јавни набавки не ги знаат добро своите прописи. Имам право да верувам во тоа затоа што сум имала таков пример. Значи, кои ќе бидат луѓето кои ќе испрашуваат. Дали тие луѓе ќе поминат низ некој испит претходно пред да ја обучуваат цела Македонија и сите фирми и кој ќе потврди дека се компететни тие испити да ги спроведуваат. Дали знаете дека таму има луѓе кои не прават разлика основен договор склучен по една јавна набавка и не можат да ја пратат целата постапка на крај до реализација и наплата. Значи има прво многу сериозна причина и потреба луѓето во Бирото за јавни набавка поготово ако ова се изгласа и остане како таква одредба да поминат низ една темелна обука и некој да ни потврди или да ни издаде сертификат и акредитација дека ќе бидат во состојба да ги оценуваат сите други кои, како што реков, многу професионално приоѓаат кон тој проблем затоа што тоа им е работна задача. и заради спроведување или учество на една јавна набавка, спроведување на една процедура за јавна набавка добиваат плата. Ви благодарам.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам и јас.

Има збор пратеник Топузова Каревска Роза, повелете.

**Роза Топузова-Каревска:** Благодарам почитувана потпретседателке, почитувани колеги пратеници.

На самиот почеток не можам да не изразам жалење што претходниот амандман не помина и навистина не можам да сфатам како пратениците не гласаа, парламентарното мнозинство, за воспоставување на уставната улога на парламентот и враќањето на демократијата и јакнење на законодавниот дом.

Тоа е првата дилема која што ја имам, но сега ќе поминам конкретно на овој амандман.

Веќе беше доста говорено по овој амандман но јас би сакала само да ја исткажам својата подршка. Навистина членот 6 кој што се бара да

биде избришан, односно додадениот член 14-а само внесува дополнителна конфузија. Во голема мера можеби и имале некоја замисла предлагачите, но до крај не ја анализирале. И по еден аналитичКи пристап да ни понудат решение кое што биде издржано и за кое што можеби со одредени некои мали интервенции од страна на пратениците да го подобриме за да може тоа да биде имплементирано. Вака предложеното решение е конфузно, не во согласност со останатите одредби на законот и не нуди никакво решение. Од ова досега кажаното сосема слободно можам да констатирам дека оваа едукација нема да претставува ништо друго туку единствено ќе биде начин да се соберат дополнителни средства во Бирото за јавни набавки кои што ќе бидат понатаму трошени во скапите кампањи на Владата. Значи малку беа патриотските каси за кои што ќе говориме во овој закон, малку беа лиценците кои што им се наметнаа на граѓаните, од кои што најголема штета ќе имаат оние кои што имаат малечки дуќани, малку беше тоа, е сега, треба на друг начин да се прибираат средства. Според вака дефинираниот член оваа едукација многу ме потсетува на испитот кој се полагаше во здравството за директори на медицинските центри и клиниките. Каква едукација добија тие директори, тоа времето ќе покаже, но досега она што го покажуваат апсолутно никако. За џабе потрошени пари, а овде собрани пари од граЃаните.

Колешката до мене добро образложи засегнатоста на фирмите од овој член и ние наместо да даваме подршка на фирмите таканаречени средни и мали претпријатија ние гледаме на секој начин да ги елиминираме поготово оние кои што ќе ги сметеме за политички неподобни. Мислам дека ова е несериозно. И, ако кон сето тоа се погледне кој ќе ја прави таа едукација, пред кого ќе се полага испитот и на крај најголемиот параокс е ставот 5 кој вика “програмата, начинот на спроведување на испитот, висината на надоместокот, како и формата и содржината на потврдата ги пропишува министерот за финансии”. Ако погледнеме наназад еден голем број на закони, ќе видиме дека на одредени министри, не на сите им се даваат ингеренции за се и сешто и тоа работи кои што мораме да бидеме искрени и не се за еден министер да ги работи. Зошто ги оптоваруваме мнистрите со некои работи што може да ги направи некој друг. Исто, го спомнав примерот за јавна чистота. Замислете, дури два министри, министерот за правда и министерот за транспорт и врски ќе седнат и на оној што условно фрлил хартија или не пуштил вода во тоалет а нема да плати 50 евра ќе му одредуваат општествено корисна работа, условно да ги мете улиците три или два дена. Министрите тоа ќе го прават. Исто така, и министерот за финансии ќе ги пропишива висината на надоместокот и формата на потврдата. Ве молам, мислам дека апсолутно целиот член е многу несериозно изработен и токму поради тоа сметам дека парламентарното мнозинство ќе го прифати амандманот и ќе му помогне со тоа, со прифаќањето на министерот да не се доведе во ситуација многу брзо да ни предложи измени и дополнувања на законот со кој што или ќе мора самиот да се откаже од членот 14 или навистина подобро да ги дефинира надлежностите околу едукацијата од стран на бирото. Но, дотогаш ќе помине време, многумина ќе се јават на едукација, како што кажа колешката пред мене, нивните фирми ќе сносат последици, вработените во фирмите се разбира исто така и штетите кои што ќе се направат секако дека ќе бидат непроценливи, а при тоа никој како и во многу случаи до сега ама баш никој нема да сноси одговорност. Ви благодарам.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам и јас.

Бидејќи е исцрпена листата на пријавени пратеници за збор, констатирам дека претресот по амандманот е завршен.

Ги повикувам пратениците што се надвор од салата да влезат и да пристапиме на гласање.

Бидејќи во моментов има 63 пратеници во салата амандманот го ставам на гласање и ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 61 пратеник, за амандманот гласаа 11 пратеници, воздржан еден, против 49.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот за бришење начлен 6 поднесен од пратениците Весна Бендевска и Марјанчо Николов.

Отворам претрес по амандманот за менување на член 7 поднесен од пратениците Весна Бендевска и Марјанчо Николов.

Го моланм претставникот на Владата да се произнесе по амандманот.

Има збор заменикот министер за финансии, повелете.

**Недим Рамизи:** Амандманот не се прифаќа.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам. Ги повикувам пратениците кои сакаат да говорат по амандманот да се пријават за збор.

По амандманот се пријавија Макрадули Јани, Бендевска Весна и Николов Марјанчо.

Збор има пратеникот Макрадули Јани, повелете.

**Јани Макрадули:** Благодарам потпретседателке.

Овој амандман, членот 17 не само што остави дилема кога се носеше овој закон во ноември минатата година, остави дилема и во јавноста, бидејќи е едн од оние скриени амандмани, членови или капицици за жал нетранспаретно работење и злоупотреба на јавните набавки.

Прво, да изразам едно разочарување што за жал немаме дебата во Собранието и што на сите поставени прашања не наидовме на одговор, бидејќи зборуваме за пари од граѓаните и на кој начин се трошат, како да стигнеме до систем во кој што тоа ќе биде заштитено. При тоа, да нема дилема зборувам за 17 години наназад.

Членот 17  и тогаш и сега ќе се обидам да отворам расправа со заменик министерот зборува за можност некој да склучува договори до 20 иљјади евра за услуги за железанички воден транспорт, хотелски, образовни , здравствени, спортски и други, кои што за предлагачот се различни од услуги за чистење објекти, управување со имот, информатички ревизорски итн. Со овој член им се дава шанса на органите од државната управа да распишат тендер односно да направат набавка до 20 илјади евра без отворен повик. Бидејќи не се повикуваат на членот 21, тоа е нашето барање. Да биде договорниот орган доделуваат договор за јавна набавка со примена на отворена постпака или ограничена постапка , туку се повикува на членовите 33, 34, 35 и 36 кои што апсолутно тангираат друга тема односно зборуваат за техничките спецификации, а не за начинот на кој што ќе се спроведе постапката. Или зборува дека тие до 20 илјади евра ќе се склучат во 4 очи. Тоа се елаборираше и во јавноста и загриженост пројавија невладините и незавсини институиции. Затоа, сега му се нуди можност на органот на државна управа некој на министерот да склучи хотелски услуги за 19.999 и за тоа да не примени отворена постапка или ограничена постапка или консултански услуги, ќе се сложите 19.999 се сериозна сума за еден човек што ќе  го ангажирате за консултански услуги или пијар услуги.

Затоа, ние предлагаме оваа бројка да се намали на 3 илјади евра, но за тоа да важи ограничената или отворената постапка. Вака ако го погледнете членот ако некој сака да си ангажира хотел министерот ќе го направи тоа за 19.999 евра, ќе се повика на членот 33 кој што зборува за технички спецификации, кој што зборува членот 34 за функоналните карактеристики, но никој не го дефинира начинот на кој што ќе дојдеме до отворена постапка или ограничен повик. Затоа, не за џабе експертите во Република Македонија бараат дека е дојдено време за надворешна меѓународна ревизија на Буџетот на Република Македонија и извршувањето на Буџетот на Република Македонија. Очигледни сме толку заблудени  и од рејтингот и до довербата што сме ја добиле, зборувам за Владата, што апсолутно не се третира ништо во оваа држава, ниту некои медиуми, независни институции, туку исклучиво си тераме по свое, а парите на граѓаните одат во непознат правец. Дали е тоа исто со електричната енергија, користењето е исто со информатичката технологија итн. Ние немаме сеуште извештај од Бирото и затоа е добро, затоа сите земји во ко што има заштеда на буџетски средства во јавните набавки, реков 18% од буџетот што е кај нас рекорден две и нешто милијарди евра, имаат независно тело кое што дава извештај. Вака, ние тој извештај можеби нема да го видиме. Извештаите од Државниот завод за ревизија сега ги добиваме за крајот на 2006 година за 3, 4 месеци од владеењето. Кога ќе стигната тие за 2007 година ние немаме инфорамција врз база на овој закон колку се вакви услуги реализирани, колку до 20 илјади, колку до 500 евра, колку до 150 илјади или колку струја е набавена во 4 очи до 4 милиони евра. Или како тоа на затворениот тендер на МЕПСО од очите на јавноста некој продава или купува струја за 90 милиони евра вредност за три месеци. Сите тие непознаници се обидуваме со нашите амандмани да ги поправиме, да го поставиме во еден систем во кој што ќе има поголема контрола и во кој што сите набавки, без разлика колку е тоа макотрпно ќе се извршат онака како што треба. Затоа од услуги за железнички, воден транспорт, образовни, што е тоа, добро го гледам вчера државниот секретар во Министерство за образование нему навистина му треба образовна услуга, ама како тој ќе ја набави. Во непосредна спогодба со 19.999 евра, мислам кои се тие услуги или рекреативни, кои се тие до 20 илјади рекреативни услуги што министер може да си ги  нарача и наместо со тоа да кажеме дека мора да спроведе отворена постапка, ние гледаме дека обратно се дефинира или овде пишува и спортска услуга. Гледаме дека е обратно, Владата сега си има спортски клуб, си спонзорира фудбалски клуб, без пари му го дава стадионот. Зошто тоа не го дава за сите спортски клубови во Скопје. Мислам дека прелесно си играме со парите, сакаме брзо да поминат работите, но таа штета ќе ни се удри од глава на сите нас.

Без разлика што министерот за финансии мислеше дека нас ќе не одмине кризата, гледаме дека работите за жал не одат така и мислам дека многу посериозно треба да се пристапи кон економската ситуација и начинот на трошење на парите, затоа што Владата има и обврска, уставна обврска да се грижи, а ние како Собрание да бидеме контролори на она што Владата го прави. Ако заменик министерот нема намера да одговори на ниедно прашање, тогаш нека дојде министерот за финансии и нека заличи овој Парламент така како што треба, а не тоа да го правиме само декларативно и да го правиме кога ќе ни дојдат некои меѓународни организации, па да се фалиме дека сакаме Собранието да го направиме независна институција, ама во која ќе има само ехо од страната каде што седи опозицијата. Мислам дека на тој начин не одиме на добар пат, а зборуваме за пари на граѓаните и начинот на тоа како што некој мисли дека треба да се трошат. Благодарам.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам и јас.

Збор има пратеник Бендевска Весна, повелете.

**Весна Бендевска:** Благодарам потпретседателке.

Сосема кратко, во интерес на информирање на јавноста околу што правиме збор, ќе го кажам следното.

Амандманот се однесува на главата каде што се дефинирани видовите на договори за јавни набавки и по предлог на министерот Славески се

прават разлики за договор за јавна набавка меѓу стоки, меѓу услуги и меѓу градежни работи. Проблемот настанува кај услугите и тогаш го баравме одговорот во ноември 2007 година, но и сега го користиме правото да побараме одговори. Зошто различни видови на услуги се групирани во две групи, зошто на пример во едната група спаѓа услуги, истражување на јавното мнение, истражување на пазар, услуги за чистење, телекомуникациски итн, и тие се разликуваат од втората алинеја каде што влегуваат железнички и воден транспорт, услуги за привремено вработување, здравствени, социјални, образовни итн. Каде е овде тенката линија, по што се делат овие услуги. Ама јасна е тенденцијата на овој закон, треба овие вторите услуги, за кои и тогаш долго дебатиравме, меѓу кои се наоѓаат и услугите за привремено вработување, значи инструмент кој ВМРО-ДПМНЕ апсолутно го користи под превезот како остварува вработување. Лага! Јас долго дебатирав дека преку Агенцијата за привремено вработување во Битола "Зета", чиј сопственик е поранешен советник од редовите на ВМРО-ДПМНЕ, се преполни РЕК Битола во очи на изборите, ама не ги вработи луѓето, ги избрка веднаш после изборите. Ама преку тие агенции за привремено вработување или преку Партнер од Прилеп, сопственост повторно на истакнат вмродпмновец од Прилеп.

Сега што сака во овој закон? Знаете што е работата? Услугите за привремено вработување да не мора да подлежат врз одредбите на Законот за јавни набавки до 20 иљади евра, 19.999 евра услуга на агенциите за привремено вработување нема да имаат обврска за отворање на јавен или ограничен повик. Не. Ќе се договараат во канцеларија, претпоставувам партиска. И тогаш се буневме зошто за услугите да има можност непосредно да се договараат за една сериозна голема сума за наши услови, 20 иљади евра. Законскиот предлог вели дека за вториот тип на услуги, меѓу кои и услугите за привремено вработување само ако се над 20 иљади евра важат нормите, европските стандарди за тендерската документација, само тогаш. За се што е под 20 иљади евра нема ни ред ни поредок, ама има и важи за овие услуги одредбата од членот 103 од законот, која вели, дозволете да ја прочитам: договорниот орган односно орган на државна или локална власт доставува електронски запис до Бирото за барање на прибирање на понуди два пати годишно, еднаш до 31 јануари и еднаш до 31 јули. Значи шест месеци му се дозволува на договорниот орган да си прави што сака и како сака, ама еднаш на шест месеци до Бирото ќе испрати во електронска форма евиденција од постапките за барање за прибирање на јавни понуди. И знаете колку заинтересирани страни ќе се јават? Се форсира на овој начин договарањето очи во очи, што помалку фирми се јават на постапката, бидејќи ќе ја отежнуваат работата, претпоставувам дека договорот за јавна набавка уште пред да биде распишан е договорен, се знае кој ќе го добие. Барем до сега таква е праксата. Ние сметаме дека ова треба да прекине, и тогаш говоревме, не гледаме причина 20 иљади евра да можат да се договараат, да се предмет на јавна набавка во поглед на услугите без обврска за отворање на јавен повик или ограничен повик.

Затоа, предлагаме со нашиот амандман и при услугите кои сте ги навеле, иако разделени во две групи, проценетата вредност над 3000 евра во денарска противредност да се применуваат одредбите од овој закон. Се што е над три иљади евра мора да подлежи на обврски на одредби од овој закон. 20 иљади евра за македонски услови се премногу.

Господинот Славески минатиот пат ни објаснуваше какви биле, замислете, европските трендови. Кога Славески ќе ни обезбеди европски плати, европски услови на живот и стопанисување, се согласувам и предметите и договорите на јавни набавки да ги стандардизираме согласно европските потреби. Се додека се креираат услови Македонија да стане не европска туку да си остане балканска земја, со можност касаба, каде што нема правила на игра, тогаш претпоставувам дека ќе нудиме вакви закони.

Заради тоа сметаме јасно и гласно се што е предмет на јавна набавка над 3000 евра, се знае, постои закон, како што впрочем со финансирање и со договор со Светската банка беше изготвен во 2005 година и со тој закон се почна да се става ред во областа на јавните набавки. Светската банка зеде обврска да изготви студија за подобрување на законските решенија, но сето тоа пропадна во вода, на 6 ноември 2007 година го донесовме законот на Славески, во кој треба буквално да се знае кога се работи за одредени области каде што се вртат пари во одредени моменти, во услови кога на ДПМНЕ тоа му треба да важат поинакви правила на игра, односно читај непосредба спогодба за договарање очи во очи. Тука има огромен простор за коруптивни дејства кои веќе течат и граѓаните ги знаат, затоа сметаме дека во членот 17, особено во делот на услугите, нивото треба најпрво да го спуштиме до 3000 евра, а потоа да ги изедначиме и со договорите за јавните набавки, кога станува збор за набавка на стоки, но и за изведување на работи. Благодарам.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам и јас.

Има збор пратеник Николов Марјанчо, повелете.

**Марјанчо Николов:** Благодарам потпретседателке.

Не знам што треба да направиме за да отвориме дебата во Собранието или од колегите или од претставникот на Владата. Очигледно не се толку заморени колегите, бидејќи после парламентарните избори и оние брзи прсти, донесување закони, немаме таква динамика на работа па сега да сме преморени и да не дебатираме дури и за ваква суштинска работа

како што е законот за јавни набавки. За претставникот на Владата не знам, навистина зошто немаат потреба да објаснат кои се решенијата во законот и ми е малку жал што така се однесуваат, но секој ќе си ја носи својата одговорност.

Ако претходно зборувавме дека Владата на ВМРО има многу начини или воведе многу начини како да ги осиромаши граѓаните, преку воведување на разни давачки, зголемување на казните, воведување на лиценци, само начин како да се извлечат пари од граѓаните. Со овој член гледаме дека Владата има идеи како да се трошат пари, тие пари на граѓаните, но притоа да нема јасни правила или критериуми, да се оневозможи корупцијата или ненаменското трошење на средствата. Членот 17 е еден од тие членови по наше видување, кога вие давате можност да вршите набавки над 20 илјади евра без притоа да има некои јасни правила на игра, дури под 20 илјади евра е уште покарактеристичен случајот, имате само обврска до Бирото за јавни набавки да доставите известување дека постапката е завршена. Во вакви членови, ако веќе се декларирале или сме ветувале на граѓаните дека ќе се бориме против корупцијата, ќе се бориме против ненаменското трошење на парите, ќе правиме рекламни кампањи од тоа, ама тоа не значи тие кампањи да важат за некој друг, па да ги носиме како мечки пред судот врзани и да ги покажуваме на граѓаните, да важи за сите, и за тој што е на власт, и за тој што е во опозиција. За жал, до сега немаме видено случај со некој од власта да постапуваат како што постапувале со оние од опозицијата. Затоа, вакви членови во Законот за јавни набавки треба што помалку да има, вакви мали вратичиња за да може да трошите пари на граѓаните без некоја јасна контрола. Не се присутни колегите за да се обидеме да се убедиме, дури и да не дебатираат, барем да не слушаат. Сето ова повеќе го зборуваме за јавноста. Ако Собранието има механизам да врши контрола на Владата и ако другите закони беа ратификација на оваа седница, овој закон сепак треба да биде проследен со внимание од колегите, бидејќи може да се случи да настане некоја проневера или ненаменско трошење на парите, а ние на некој начин затоа што сме овозможиле вакви членови да бидеме одговорни зошто сме го дозволиле тоа.

Ние предлагаме границата над 20 илјади евра да се симне до 3000 евра, да има право да се набавува овде наведениот сет на услуги до 3000 евра без постапка за јавна набавка. Се што е над 3000 евра да подлежи под системот за јавни набавки. Сметаме дека тоа решение е реално и не ги оневозможува државните органи да си ја вршат својата функција или да немаат спроведено постапка за јавна набавка, а некоја услуга да им биде потребна.

Меѓу овие услуги е наведено дека над 20 илјади евра можат да се вршат услуги без одредени постапки, дури и за рекламните услуги. Ако е нешто препознатливо за ова владеачко мнозинство, тоа се рекламите. За жал, сеуште немаме добиено ниту еден одговор колку чинат, колку пари се потрошени за рекламите и дали има потреба прво од реклами, а потоа евентуално би зборувале за ефектите. Не можете да го вклучите ТВ приемникот, а да нема некоја реклама или кампања на Владата, со која објаснуваат колку тие биле успешни или колку многу оствариле во Република Македонија. Такво трошење на парите, еве да ја земеме последната реклама за вакцинација од ХПВ вирусот оди постојано на телевизиите, оди и на локалните телевизии. Нека излезе Министерството и да каже колку чини рекламата, колку за тие пари што се потрошени може да се купат дополнително вакцини, да се опфати што поголем број на население. Зошто да се трошат тие пари за такви реклами? Да ја земеме и рекламата за трето дете или да се зголеми семејството. Наместо парите да се потрошат за реклами, зошто не се дадат да се зголеми износот што ќе го добиваат семејствата што ќе имаат трето дете. Колку чинат тие реклами? Нели е така подобро, наместо за трето дете да давате по 8600 денари, кои во денешни услови се многу малку за да го гледате квалитетно детето, за едно дете, а да не зборуваме за три деца. Зошто тие пари не се наменат за да се зголеми тој износ. Зошто овие пари не се наменат за реклами што се даваат да им се дадат на професорите и на буџетската администрација во локалната самоуправа да се спроведе одлуката на Уставниот суд хранарината и патарината да им се исплаќаат во соодветен процент како што пропишал законот. Веќе шести месец тие не добиваат 25% од просечната плата. Сега имаме информации дека има известување до администрацијата дека оној додаток од 5% за државните службеници нема да се исплати, наводно нема пари во буџетот, а пари имаме за да трошиме за реклами, и тоа скапи реклами. Дали е правилно на овој начин, а од друга страна дозволуваме во законот толку пари да се трошат, по мое видување без некоја посебна контрола. Тоа ќе биде посебно поглавје во работењето на некоја наредна влада која ќе ги отвори сметките колку пари се потрошени за реклами. Ако спොредиме со ефектите, времето покажува дека многу од тие постапки не дадоа резултати. Зошто се парите потрошени? Мислам дека тука Владата има двоен аршин, од една страна ќе се рекламира, од друга страна ќе најде начин како медиумите во одредени ситуации да ги натера да пренесуваат информации кои се поповолни за нив.

Затоа, колеги пратеници би требало нашиот амандман да го поддржите, во најмала рака затоа што и наши пари одат во буџетот, и наши пари се трошат за реклами, се трошат за привремени вработувања и многу други работи. Затоа е потребно да оневозможиме вакво трошење на пари на граѓаните во услови кога има голем буџет. Благодарам.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам и јас.

Бидејќи е исцрпена листата на пријавени пратеници за збор, констатирам дека претресот по амандманот е завршен.

Ги повикувам пратениците да влезат во салата.

Ги повикувам службите да го утврдат точниот број на присутни пратеници во салата.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 57 пратеници, за амандманот гласаа 4, воздржани нема, против гласаа 53 пратеници.

Ве молам службите да достават точен број на присутни пратеници во салата.

Во моментот на гласање во салата се присутни 65 пратеници, според тоа гласањето е валидно.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот за менување на член 7, поднесен од пратениците Весна Бендевска и Марјанчо Николов.

Отворам претрес по амандманот за додавање нов член 7-а по членот 7 поднесен од пратениците Весна Бендевска и Марјанчо Николов.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот за финансии, повелете.

**Недим Рамизи:** Амандманот не се прифаќа.

**Светлана Јакимовска:** Амандманот не се прифаќа.

Ги повикувам пратениците кои сакаат да говорат по амандманот да се пријават за збор.

За збор се пријави пратеникот Николов Марјанчо, повелете.

**Марјанчо Николов:** Благодарам потпретседателке.

Само кратко со овој амандман предлагаме наместо Владата да ги пропишува видовите на активности на градење, кои се предмет на договор на јавна набавка на работи, тоа да го прави Бирото за јавни набавки.

Сметаме дека Бирото за јавни набавки како орган кој што ги следи овие работи има поголемо искуство и увид во тоа кои видови на активности треба да бидат предмет на договор на јавна набавка на работи и ако од друга страна настојуваме да ја зголемиме неговата улога во постапките за јавни набавки е добро, наместо Владата, која што треба веројатно да се занимава со пострручни и поконкретни работи, оваа активност да се допушти на Бирото за јавни набавки.

Сметаме дека не е суштинска измена. Тоа за Бирото за јавни набавки е една активност плус и навистина ќе може да се оправда она што е намерата на законот, Бирото за јавни набавки да добие својство на правно лице. Благодарам.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам и јас.

Бидејќи е исцрпена листата на пријавени пратеници за збор, констатирам дека претресот по амандманот е завршен.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 65 пратеници, за амандманот гласаа 8, од гласањето се воздржаа 2 пратеници, против гласаа 55 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот за додавање нов член 7-а по членот 7, поднесен од пратениците Весна Бендевска и Марјанчо Николов.

Отворам претрес по амандманот за додавање нов член 9-а по членот 9, поднесен од пратениците Весна Бендевска и Марјанчо Николов.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот за финансии, повелете.

**Недим Рамизи:** Амандманот не се прифаќа.

**Светлана Јакимовска:** Амандманот не се прифаќа.

Ги повикувам пратениците кои сакаат да говорат по амандманот да се пријават за збор.

Има збор пратеникот Диневски Менде, повелете.

**Менде Диневски:** Благодарам.

Во отсуство на сериозна дебата во која пратениците од мнозинството навистина, не сакаат да се вклучат и по однос на амандманите и по однос на текстот на законот, ќе се обидам во кратки црти да дадатм објаснување за предложениот амандман.

Иако велевме дека со овој закон се врши усогласување со законодавството во Европската унија, иако тоа денес од почитуваниот заменик министер за финансии, воопшто не слушнавме ни еден збор, зошто не е усогласувано со директивите, односно со барањата на Европската унија, сепак ќе се обидеме, бидејќи тоа ни беше намерата да подобриме дел од законските решенија кои се предлагаат. Затоа, во членот 27, предлагаме ставот 2 да се менува, каде што наместо начинот на проценување на вредноста на договорите за јавни набавки да ги пропишува министерот за финансии, истото да го прави Бирото за јавни набавки. Согласно членот договорниот орган не смее да врши делење на договор за јавна набавка на повеќе посебни договори со пониска вредност, ниту пак да користи методи за пресметување на проценетата вредност на договорите за добивање на пониска вредност од реалната проценета вредност на договорот, со цел да се избегнат одредени постапки, кои се утврдени со овој закон.

Зошто го бараме ова? Заради тоа што сметаме дека со ваквиот начин на давање на ингеренциите на Бирото за јавни набавки, навистина ќе се помогне во транспарентноста на работењето во овој дел, односно во јавните набавки, како и во однос на конкурентноста и ефикасноста на работата, а во однос на министерот за финансии, навистина има премногу работа, очигледно штом не може да

дојде да присуствува на денешната седница, па малку да го ослободиме и релаксираме. Благодарам.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам и јас.

Бидејќи е исцрпена листата на пријавени пратеници за збор, констатирам дека претресот по амандманот е завршен.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 61 пратеник, за амандманот гласаа 6, од гласањето не се воздржа никој, против гласаа 55 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот за додавање нов член 9-а по членот 9, поднесен од пратениците Весна Бендевска и Марјанчо Николов.

Отворам претрес по амандманот за бришење на член 12, поднесен од пратениците Весна Бендевска и Марјанчо Николов.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот за финансии, повелете.

**Недим Рамизи:** Амандманот не се прифаќа.

**Светлана Јакимовска:** Амандманот не се прифаќа

Ги повикувам пратениците кои сакаат да говорат по амандманот да се пријават за збор.

Има збор пратеникот Николов Марјанчо, повелете.

**Марјанчо Николов:** Благодарам.

Со предложениот амандман, предлагаме членот 12 од предлогот за изменување и дополнување на Законот за јавни набавки да се избрише. Овој член имено го регулира начинот на употреба на општиот поим за јавни набавки кај договорите за јавни набавки, кои што мора да се користи само во ситуација каде што јавната набавка надминува одредена сума. Владата предлага таа сума да биде над 130 илјади евра за стоки и услуги и 4 милиони евра во денарска противвредност кај договорните органи кои се државните и правните лица основани со специфична намена за задоволување на потребите од јавен интерес и 200 илјади евра во денарска противвредност за стоки и услуги и 4 милиони евра во денарска противвредност кај договорните органи од членот 4 став 1 точки Г и Д, од овој закон.

Ние сметаме дека ваквиот праг кој што се воведува, за да може да се користи општиот поим за јавни набавки, инаку со истиот се претставува референтна номенклатура што се применува во постапките за доделување на договори за јавни набавки.

Значи, општиот поимник за јавни набавки треба да им овозможи на договорните органи при составување на тендер да користат изрази и термини кои што се многу попрецизни и унифицирани и нема да доведат до забуна, кога ќе спроведувате постапка за јавна набавка. Не знам, повторно за жал, кои се мотивите на Владата да воведе праг. Значи, 130 илјади евра и 200 илјади евра и 4 милиони евра за градежни работи. Мора општиот поимник за јавни набавки да важи во сите ситуации. Да не ни се случува како што деновиве сме сведоци во јавноста одредени тендери да се поништуваат. Затоа што можеби, не се користеле некои стандардни имиња на она што се набавува. Карактеристичен е тендерот за набавка на медицинска опрема. Сведоци сме дека никако, иако беше најавуван како голем проект вреден 40 милиони евра да не може да се заврши до крај. Па сега слушаме разни причини зошто тоа не е можно. Од една страна прво 2 понудувачи биле прифатени како валидни, а потоа да реши Комисијата дека не биле валидни. И навистина, за да не се случува тоа во иднина, а да можете да распишете тендер за јавна набавка во која што јасно, унифицирано ќе постои номенклатура на она што го сакате да нема забуна и да не ви се поништува тендерот, мора овој општ поимник за јавни набавки да се користи во сите случаи. Затоа предлагаме членот да се брише, а општиот поимник за јавни набавки да си важи при сите постапки за јавни набавки да нема забуни. Благодарам.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам и јас.

Бидејќи е исцрпена листата на пријавени пратеници за збор, констатирам дека претресот по амандманот е завршен.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 61 пратеник, за амандманот гласаа 6 пратеници, од гласањето се воздржа 1 пратеник, против гласаа 54 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот за бришење на член 12, поднесен од пратениците Весна Бендевска и Марјанчо Николов.

Отворам претрес по амандманот за додавање нов член 12-а по членот 12, поднесен од пратениците Весна Бендевска и Марјанчо Николов под архивски број 07-4065/19.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот за финансии, повелете.

**Недим Рамизи:** Амандманот не се прифаќа.

**Светлана Јакимовска:** Амандманот не се прифаќа.

Ги повикувам пратениците кои сакаат да говорат по амандманот да се пријават за збор.

Има збор пратеникот Весна Бендевска, повелете.

**Весна Бендевска:** Благодарам потпретседателке.

Сосема на кратко бидејќи очигледно е дека не успеваме да допреме ниту до претставникот на Владата во својство на предлагач на овој закон и жалам до колегите од владеачкото мнозинство. Повторно амандманот се однесува на намалување на горната граница на која треба да

ја дефинираме обврската за спроведување на постапка за отворена или ограничена постапка за јавна набавка.

Повторно се однесува на услугите за кои долго дебатиравме и за кои очигледно е дека немате одговор.

Затоа нашиот предлог е да се намали цензусот од 20 илјади на 3000 евра, особено, затоа што, токму членот 55 ја вклучува задолжителната обврска во рок од 30 дена да се достави до Бирото известување за склучен договор за јавна набавка. И тоа се однесува на спроведување на конкурс за најдобар избор за идејно решение и за спроведување на отворена постапка, конкурентен дијалог, или постапка со преговарање во поглед на договори за јавни набавки, но и набавки на услуги, како што пред малку и колегата елаборираше за кои немате објаснување зошто ги издвојувате од другиот тип на услуги. Очигледна е намерата дека за одреден број на услуги за кои во овој момент сметате дека ви одговараат, да не подлежат на транспарентност и јавност кога ги набавувате до 20 илјади евра. Е па 20 илјади евра се 1 милион и 200 илјади денари. За услуга која чини 1 милион и 200 илјади денари не чувствувате потреба за јавност и транспарентност во постапката за јавна набавка. И ќе се случува, како што и досега се случуваше услуги за привремено вработување, како што кажував, хотелски услуги, угостителски услуги, рекреативни, не знам кој државен орган за набавка на рекреативна услуга, дали фитнес ќе им плаќа на вработените, дали ќе ги пушта на не знам на што, на каква услуга до милион и 200 илјади има право, да се послужи со средства од Буџетот, од средствата на граѓаните, ама не мора тоа да го обзнани во рок од 30 дена на увид на граѓаните на веб страницата на Бирото за јавни набавки. И тоа вам ви е логично. Еве логично му е и на заменик министерот. Не користи прилика ниту да се консултира, со оглед на тоа што не учествуваше во постапката на донесување на оргиналниот закон во ноември 2007 година.

Јас заборавив и повторно ќе се вратам на услугите за привремено вработување. И кога говоревме дека во РЕК Битола се вработени токму преку агенцииуте за привремено вработување над 1000 нови вработени, јас навистина, чувствувам потреба да го повикам бившиот директор, со оглед на тоа што во РЕК Битола сеуште нема директор, да каже дали при доставување на барањето за зголемување на цената на електрична енергија, навел, заради зголемени трошоци на работење.

Бидејќи ако е така, секој нов вработен го оптеретува трошокот на работење и сега тоа ќе треба да го споделат сите граѓани во своите поединечни сметки за електрична енергија. Ама тоа не ве спречува повторно велам, еве колегите имаат очигледно многу попаметни разговори, бидејќи не се заинтересирани за дебата. Да кажат каква услуга на пример некој државен орган ќе потпише во вредност од 1 милион и 200 илјади денари, а се однесува на спортска услуга. На пример, некое Министерство без да објави отворена постапка за јавна набавка, ќе склучи договор од 1 милион и 200 илјади за спортски услуги, за рекреативни услуги, за културни, не знам фестивали ли ќе прават по министерствата или што? За вас тоа е 20 илјади евра. Сметаме дека треба да се врати претходното законско решение, да споменам оној закон кој имаше сериозни индикации да прерасне и да се развие во добар закон за регулирање на областа на јавните набавки каде што беше лимитирано до три илјади евра.

**Светлана Јакимовска:** Бидејќи е исцрпена листата на пријавени пратеници за збор, констатирам дека претресот по амандманот е завршен.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 59 пратеници. Од нив за амандманот гласаа 6 пратеници, од гласањето не се воздржа никој, против 53.

Ги молам службите да доставаат точен број на присутни пратеници во салата.

Бидејќи во моментот на гласањето во салата беа присутни 60 пратеници гласањето не е валидно.

Ги молам пратениците да влезат во салата.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 61 пратеник. Од нив за амандманот гласаа 7, од гласањето се воздржа 1, против 53 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот за додавање нов член 12-а по членот 12, поднесен од пратениците Весна Бендевска и Марјанчо Николов, под архивски број 07-4065/19.

Отворам претрес по амандманот за додавање нов член 12-а по членот 12, поднесен од пратениците Весна Бендевска и Марјанчо Николов, под архивски број 07-4065/20.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменикот министер за финансии.

**Недим Рамизи:** Амандманот не се прифаќа.

**Светлана Јакимовска:** Амандманот не се прифаќа.

Ги повикувам пратениците кои сакаат да говорат по амандманот да се пријават за збор.

Бидејќи нема пријавени пратеници за збор, констатирам дека претресот по амандманот е завршен.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 62 пратеника. Од нив за амандманот гласаа 9 пратеници, од гласањето се воздржа 1 пратеник, против гласаа 52 пратеника.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот за додавање нов член 12-а по членот 12, поднесен од пратениците Весна

Бендевска и Марјанчо Николов, под архивски број 07-4065/20.

Отворам претрес по амандманот за додавање нов член 12-а по членот 12, поднесен од пратениците Весна Бендевска и Марјанчо Николов, под архивски број 07-4065/21.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменикот министер за финансии.

**Недим Рамизи:** Амандманот не се прифаќа.

**Светлана Јакимовска:** Амандманот не се прифаќа.

Ги повикувам пратениците кои сакаат да говорат по амандманот да се пријават за збор.

**Трајко Вељаноски:** Има збор господинот Марјанчо Николов.

**Марјанчо Николов:** Благодарам.

Значи со амандманот предлагаме да се избрише делот четири од главата 5 кој што се однесува на постапката со преговарање со претходно објавување на оглас. Цениме дека ваквата постапка сеуште во македонски услови не е прифатлива за примена и бидејќи случаите кои што се дадени во законот и во кои што истата може да се применува исто така отвораат простор да се случат одредени неправилности. Значи, таа е предвидена да се спроведе ако имате распишано оглас, или имате објавено тендер, а притоа не е пристигната ниту една прифатлива понуда во отворена постапка, ограничена постапка, или во конкурентен дијалог, а при што е поништена претходната постапка без битно да се променат почетните услови во тендерската документација. И ова би било во ред доколку Бирото за јавни набавки си го задржеше своето право за да може да пристапите кон ваква постапка да побарате согласност од Бирото. Во овој случај нема потреба да барате никаква согласност. Можете да распишете тендер за јавна набавка, притоа да не се јави ниту еден понудувач и вие да влезете во директни преговори со сите понудувачи. Во тој случај ќе се јават двајца, тројца понудувачи, или да го поништите тендерот. Сега тука е многу широко за елаборирање кои се можности ги дава овој закон, ако сакате да не ви помине тендерот, да го поништите, навистина една ваква постапка нема потреба во моментот да стои во законот. И затоа истата предлагаме да биде избришана. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Бидејќи е исцрпена листата на пријавени пратеници за збор, констатирам дека претресот по амандманот е завршен.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 64 пратеници. Од нив за амандманот гласаа 10 пратеници, од гласањето се воздржа 1 пратеник, 53 пратеници гласаа против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот за додавање нов член 12-а по членот 12, поднесен од пратениците Весна Бендевска и Марјанчо Николов, под архивски број 07-4065/21.

Отворам претрес по амандманот за додавање нов член 12-а по членот 12, поднесен од пратениците Весна Бендевска и Марјанчо Николов, под архивски број 07-4065/23.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменикот министер за финансии.

**Недим Рамизи:** Амандманот не се прифаќа.

**Трајко Вељаноски:** Амандманот не се прифаќа.

Ги повикувам пратениците кои сакаат да говорат по амандманот да се пријават за збор.

Има збор господинот Јани Макрадули, повелете.

**Јани Макрадули:** Благодарам претседателе.

Амандманот што го поднесоа колегите Бендевска и Николов, сакам да се обидам да побарам подршка и јас од другите пратеници како што подршката ќе ја дадам кон овој амандман, бидејќи овој член 99 според вашите информации од сите државни институции за жал, се злоупотребува. А ова на пример, од друга страна, ќе кажам овој член не се употребува согласно Законот од други институции. Јас мислам дека ние можеме како Собрание овде да интервенираме.

Имено, овој член 99 вели: “ако договорниот орган спроведува постапка со преговарање без претходно објавување на оглас во случаи” тука се наредени, каде што има технички, уметнички причини, ако има дополнителни испораки. Имено, дополнителните работи овде се дефинирани до 30% од вредноста. Што значи, ако тендерот, или јавната набавка била 100 илјади евра, може комотно за 30 илјади евра да се договори дополнителни работи. Имајќи го во предвид тоа, многу блиски фирми до владеачката гарнитура намерно доставуваат поевтини понуди за да рачунаат на овој член и потоа во наводните дополнителни работи кои што се во вредност од 30% од вредноста на јавната набавка можат да си ги докомпензираат, или да си остварат профит. Оваа постапка е воведена од последните измени на законот. Значи, каде што договорниот орган без претходно објавување на оглас распишува, или се договара постапка за преговарање. Така на пример, се јавува на плоштадот во Скопје ќе изникне 29 метри висок споменик на Александар Македонски, повисок од Ристичева Палата, бидејќи како уметнички го третирале тоа во центар активностите, овие активистите на ВМРО-ДПМНЕ и за тоа не морале да распишат никаква јавна набавка. Јас ќе ви кажам што треба сега да направи Собранието? Значи, за да може сега и да се наградат, бидејќи двајца архитекти ги работат сите активности во центарот, се знаат тие кои се. 30% ќе им бидат доплатени како дополнителна работа, дали ќе биде копитото на коњот, или ќе биде гривата, не

знаеме. На пример, што можете вие да направите. Бидејќи претходниот претседател за жал, купил од 19 век персонални компјутери, тука некаде 19-ти, 20-ти век се некаде во рангот, можете 30% од таа набавка, бидејќи не се поминати три години како дополнителна набавка да ги направите надградувањата на компјутерите и тие да заличат на нешто, а не да се мачиме сега да видиме каков предлог договорил Нимец со Милошоски, односно со Бакојани во Париз.

**Трајко Вељаноски:** Ќе ве овластам вас вие тендерите да ги водите.

**Јани Макрадули:** Не мислам јас да полагам лиценца кај Трајко Славески да ми ги пропишува тие работи согласно законот, односно ќе треба вие тоа да го платите. Само тоа не го наведувате овде. Значи, со овој член се направени многу злоупотреби во изминатиот период. Намерно се дава поевтина цена, се знае дека 30% од вредноста на тендерот од Договорот може да се надогради и тоа го прават за жал, во многу различни институции. Така не се чуваат и не се води грижа за парите од граѓаните. На тој начин само се врши злоупотреба на парите од граѓаните, а најдобра потврда дека се одвиваат работите на лош начин и незаконски е тоа што ниту министерот, ниту директорката на Бирото за јавни набавки не се присутни тука. За жал, очигледно тандемот има некои поважни активности, или пак може и води во овој момент постапка со преговарање без претходно објавување оглас за нешто. Затоа овој член кој што се измисли минатиот пат им овозможи враќање на долговите на ВМРО-ДПМНЕ на многу компании кои им помагаа за време на изборите и тоа на сив легален начин.

**Трајко Вељаноски:** Има збор госпоѓа Весна Бендевска.

**Весна Бендевска:** Благодарам претседателе.

Значи, главата од законот носи наслов: "постапка со преговарање без претходно објавување на оглас". И токму тоа е она што нам ни боде очи. Значи, овој закон цела една глава посветил за набавка на стоки, услуги и работи во кои може согласно закон и без објава на оглас да се склучуваат договори за јавни набавки. И логично е дека ќе реагираме, бидејќи ваквите глави постојат очигледно за да може да се легализира незаконско трошење на јавни пари. Затоа нашиот предлог кога веќе опстојува и се работи по овој закон, договорниот орган кој спроведува постапка со преговарање без претходно да објави оглас, тоа да мора како облигација да го прави по претходно добиена согласност од Бирото за јавни набавки. Барем да има некоја форма кога ќе се трошат народните пари. Барем Бирото за јавни набавки да знае дека некој од договорните огрaни ќе потпишува договор за јавна набавка без да има обврска да објави оглас. Барем ќе можеме да се повикуваме тогаш на директорот на Бирото, да потсетам, поставен со амин на Трајко Славески избран од Владата. Редно е во нашата земја да почне да се персонализира одговорноста. Тој што злоупотребува јавни пари треба да има име и презиме и Бирото треба тоа да го маркира.

И она за што говореше и колегата Макрадули се однесува кои се случаите кога може договорниот огран да набави дополнителни испораки од претходниот носител на набавка во вредност која не надминува, според решението на Славески 30% од првичните договори.

И тогаш дебатиравме дека тоа е премногу. И господинот Славески добро се сеќавам кажа, па знаете ли кој е европскиот стандард, 50%. И повторно ќе зборувам за разликите. Во Европа владее правото. За жал кај нас тоа не е така. Таму владее правото и уредно пред почетокот, ќе ве молам господине Илија Димоски или нека дава прес конференции или нешто, кога веќе не е заинтересиран да се вклучи во дебата на тема јавни набавки, нека не остави да се обидеме барем да спасиме нешто што може да се спаси.

Господинот Славески кажа дека 50% е нормално, ама во Европа. Кај нас Европа со 50% се обидува да дефинира исклучок од правилата, затоа што во Европа пред започнувањето на една календарска година секојорган знае какви набавки ќе треба да распише оглас, во каква вредност. И им се случува некогаш во текот на работењето да имаат право до 50%,кај истиот првичен носителна набавка да набават дополнителни количини. Ама, кај нас Славески се обидува да направи правило на исклучок и ќе се користат, како што и ги користевте во првите 9 месеци, ќе си потпишете со некој партиски способен набавувач на стока илиуслуга договор, без оглед на која вредност и следните три години без никаква обврска да објавувате повторно тендер ќе можете кај истиот да набавувате дополнителни стоки или услуги.

Затоа нашиот предлог е процентот од 30%, кој успеа да го протури во минатиот состав министерот за финансии овој пат да размислиме дека 20% сосема е доволно отстапувањето од проектираната вредност на набавката.

Секој кој работи, без оглед на кое ниво го знае обемот на потребни стоки или сулуги или работи кои треба да се случуваат во наредната година. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Процедурално се јави госпоѓа Цветанка Иванова.

**Цветанка Иванова:** Благодарам претседателе.

Процедуралното или деловничкото прашање ме иницира точно она што вие во моментов заедно со секретарот го направивте, а тоа значи предвремено исклучување на мерењето на времето на дебатата во амандманската расправа, па ме иницира да го псотавам следното деловничко прашање.

Прво, гледам дека мерите и ја ограничувате амандманската расправа на 10 минути. Главата 9 од новиот ваш Деловник ќе почне да се применува од 21 овој месец. Таму е ограничена расправата на три минути. Стариот Деловник, за

амандманска расправа немаше ограничување на времето, па затоа иницирана од вашата постапка, па и од мерењето на времето би ве рпашала по која одредба од Деловникот ја ограничувате дебатата на 10 минути и го мерите времето. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Согласно член 86 од Деловникот. Тој член важи и за општата расправа и по амандманската расправа. Членот 86 многу добро кажува дека пратеник еднаш може да говори и тоа во траење од 10 минути. Благодарам.

Бидејки е исцрпена листата ...

(Госпоѓата Цветанка Иванова повторно бара збор процедурално).

Одговорив, сега што барате процедурално. Немојте да се надмудруваме.

Бидејки е исрпена листата на пријавени пратеници за збор констатирам дека претресот по амандманот е завршен.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 71 пратеник. Од нив за амандманот гласале 9 пратеници, од гласање не се воздржал никој и против гласале 62 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот за додавање нов член 12-а по членот 12 поднесен од пратениците Весна Бендевска и Марјанчо Николов под архивски број 07-4065/23.

Отворам претрес по амандманот за менување на член 13 поднесен...

Процедурално бара збор госпоѓа Цветанка Иванова, повелете.

**Цветанка Иванова:** Благодарам господине претседателе,

Јас ќе памтам како го истолкувавте сега Деловникот и евентуалната примена за дебата по амандмани, на член 86, меѓутоа кога ќе влезе глава 9 во сила дали ќе се применува повторно овој член.

Ова е во стенографските белешки, ќе ви го читаме до крајот на мандатот.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Сега да не се надмудруваме. Во глава 9 има одредба од членот каде што пишува колку време трае расправата по одреден амандман и кој има право. Ако навлеземе да го истолкуваме и да го презентираме пред јавноста Деловникот треба многу работи да кажеме.

Според глава 9 од новиот Деловник само предлагачот има право, немаат право да се пријавуваат и другите. Има многу други работи.

Со оглед на тоа продолжуваме со работ, но сепак кога ќе се примени тогаш ќе разговараме.

Продолжуваме со работа.

Отворам претрес по амандманот за менување на член 13 поднесен од пратениците Весна Бендевска и Марјанчо Николов.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменикот министер за финансии, повелете.

**Недим Рамизи:** Амандманот не се прифаќа.

**Трајко Вељаноски:** Амандманот не се прифаќа.

Ги повикувам пратениците кои сакаат да говорат по амандманот да се пријават за збор. Благодарам.

Бидејки нема пријавени пратеници за збор, констатирам дека претресот по амандманот е завршен.

Амандманот го ставамна гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 73 пратеници. Од нив за амандманот гласале 9 пратеници, воздржани нема и против гласаа 64 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот за менување на член 13 поднесен поднесен од пратениците Весна Бендевска и Марјанчо Николов.

Отворам претрес по амандманот на член 15 поднесен од пратениците Весна Бендевска и Марјанчо Николов.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменикот министер за финансии, повелете.

**Недим Рамизи:** Амандманот се прифаќа.

**Трајко Вељаноски:** Амандманот се прифаќа и амандманот станува составен дел на Предлогот на законот.

Отворам претрес по амандманот за бришење на член 17 поднесен од пратениците Весна Бендевска и Марјанчо Николов.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменикот министер за финансии, повелете.

**Недим Рамизи:** Амандманот не се прифаќа.

**Трајко Вељаноски:** Амандманот не се прифаќа.

Ги повикувам пратениците кои сакаат да говорат по амандманот да се пријават за збор.

За збор се пријави госпоѓа весна Бендевска.

Има збор госпоѓа Весна Бендевска, повелете.

**Весна Бендевска:** Благодарам претседателе.

Јас нема долго да дебатирам бидејки очекувам одговор на многу нејасно понудената измена на одредба на законот. Се однесува на јавното отворање на понудите.

Ставот 2 во досегашното законско решени вели дека јавното отворање на понудите започнува на точното место и времето кое било предвидено во тендерската документација како краен рок за поднесување на понудите.

Сега предлог на Владата е ова да не важи до колку се набавуваат консултански услуги односно прашањето е многу кратко и јасно. Зошто кај консултанските услуги договорниот орган има право, иако побарал во тендерската докмуентација и ставил во кој рок ќе се врши јавно отворање на понудите, ако станува збор за набавка на консултански услуги тоа да може да го смени. Која е разликата или што сакате да постигнете со понудата за измена на овој член. Зошто консултанските услуги се различни од сите други типови или видови на услуги наведени во овој закон.

Консултански услуги прво со овој закон предвидувате д ане подлежат на одредбите на овој закон до колку се помали од 20 илајди евра односно доколку се помали од 1.200.000,00 денари. Ајде што нема обврска да подлежат, туку и кога ќе ги отворате понудите нема односно се ослободува договорниот орган од она што го навел како место и време на отворање на јавните понуди.

Претпоставуваме односно сакам да споделам како во материјалот доставен од предлагачот, Валдата на Република Македонија сте го објасниле ова. Велите "дополнувањето предложено од овој член е исто така од технички карактер и се однесува на членот 136".

Технички карактер е доколку некој има право согласно закон да ги смени условите кои ги побарал во тендерската документација.

Понатаму наведувате дека тоа го правите,имено се прави исклучок од општото правило, датумот и времето на јавното отворање на понудите да е ист со побараниот во понудите во случај на набавка на консултански услуги. За ова велите дека е во согласност со наредниот член, 137 став 2 од Законот и ја наведувате добрата меѓународна пракса кај набавка на консултански услуги.

Навистина сериозно ми недостасува присуството на мојот колега Бучковски да ве прашам, бидејки тој долго време прашуваше како се викаат конуслтантите односни ПИАР Агенцијата чии услуги ги користи Владата на Груевски и колку пари летаат во тој правец. Дали токму ова значи дека му давате простор и време на добриот консултант на Владата на Груевски само во нему погоден рок и време да се отворат јавните понуди. Односно, значи ли ова дека Славески има намера да ги отстрани од еднаква претпоставка и можност другите учесници кои претпоставувам во една постапка за јавни набавки ќе сакаат да аплицираат како можни понудувачи на консултански услуги.

Дури во вашето објаснување стои дека финансиската понуда ќе се отвори дополнително на место и простор познато само на еден понудувач на консултанска услуга, претпоставувам, ама сте заборавиле да го допиШете.

Сметам дека е скандалозно ова решение и сметам дека токму оваа одредба ќе биде предмет на сериозни забелешки не само од страна на експертите од Европската комисија, туку и од многубројните невладини организации во Република Македонија, кои и тоа како сакаат активно да земат учество во прокламираната од страна на Груевски борба против корупција и криминал . Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Бидејки е исцрпена листата на пријавени пратеници за збор, констатирам дека претресот по амандманот е завршен.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 67 пратеници. Од нив за амандманот гласале 8 пратеници, воздржан 1 пратеник, против гласаа 58 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот за бришење на член 17 поднесен од пратениците Весна Бендевска и Марјанчо Николов.

Отворам претрес по амандманот за додавање нов член 20-а по членот 20, поднесен од пратениците Весна Бендевска и Марјанчо Николов под архивски број 07-4065/5.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменикот министер за финансии, повелете.

**Недим Рамизи:** Амандманот не се прифаќа.

**Трајко Вељаноски:** Амандманот не се прифаќа.

Марјанчо Николов, процедурално, повелете.

**Марјанчо Николов:** Благодарам претседателе,

Би сакал да реагирам во однос на претходната постапка на гласање. Приказот кој што го имаме тука на мониторот покажуваше дека во последните два реда од средниот дел на салата, сите гласале. Ако погледнете може да видите дека таму фали некој од колегите пратеници, а овде се даде сигнал дека сите гласале, и затоа се сомневаме во исходоат на ваквото гласање, би апелирале во иднина и вие, а и колегите пратеници да не го злоупотребуваат системот за гласање.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам. Секој пратеник за своите постапки си одговара и мислам дека не би требало тоа да биде во пракса, затоа Што секој еден пратеник гласа сам за себе, не може да гласа за друг.

Продолжуваме со работа.

Ги повикувам пратениците кои сакаат да говорат по амандманот да се пријават за збор.

За збор се јавија господинот Јани Макрадули, господинот Марјанчо Николов, госпоѓата Весна Бендевска и госпоѓата Роза Топузова Каревска.

Има збор господинот Јани Макрадули, повелете.

**Јани Макрадули:** Благодарам претседателе.

Овој амандман на колегите Бендевска и Николов се однесува на бришење на членот 192, член кој што на фамилијата на ВМРО-ДПМНЕ му

обезбеди милионски заработки во изминатиот период.

Имено, членот 192 вели: “ овој закон не се применува на договори чиј предмет е набавка на електрична енергија, или горива за производство на електрична енергија”.

Од 17 октомври или од 12 ноември 2007 година во Република Македонија почна да се купува струја во четири очи на сметка на намалено производство на електраните, веројатно сме единствена земја во Европа каде е дозволено, на пример производителот на електрична енергија ЕЛЕМ во исто време и да увезува и да продава односно да тргува со електричната енергија.

Затоа Енергетската заедница со седиште ви Виена стави отворени забелешки на Законот за енергетика. Може да не убедуваат колку сакаат во јавноста квази експертите од типот на Ставрески, овој Закон за јавни набавки односно овој член 192 на некои луѓе во Република Македонија им донесе милионска, во евра, заработувачка.

Пазарот на електрична енергија во Европа се проценува на околу 600 милијарди евра. Гледаме дека кај нас, само последниот тендер, квази тендер што се отвораше без присуство на јавноста, беше некаде околу 90 милиони евра. Во Република Македонија , за жал, повеќе увезуваме електрична енергија, отколку што има странски инвестиции, заради аматерската политика што се води во енергетскиот сектор предводена од 3-4 луѓе , од Ставрески, од Чингоски и Здравев. Се разбира, сето тоа се прави со знаење на премиерот Груевски.

Ние сме единствена земја во светот каде што имаме намалување на производството на електрична енергија од непознати причини. Падови во РЕК Битола станаа навика, а не исклучок, заради интервентен увоз на електрична енергија. И, бидејќи до сега требаше тој увоз на електрична енергија транспаретно да се пријавува и до Регилаторната комисија и до јавноста, ВМРО ДПМНЕ и Трајко Славески си го сменија Законот и сега, со членот 192 можат да набавуваат електрична енергија како сакаат. На тој начин, на таква нетранспарентна постпка на договарање во 4 очи, за жал се доведува до она што е реалност, а тоа е зголемување на цената на електричната енергија во Република Македонија.

Или, како што сакаше некој да не увери, додека претседателот Црвенковски не го потпишуваше Законот за енергетика, дека 135 илјади евра дневно имаме загуба, гледаме дека и со потипишан Закон ситуацијата е уште полоша. Затоа што Законот за енергетика е лош, затоа што Законот за енергатика е коруптивен и затоа што Законот за енергетика го спроведуваат луѓе аматери кои се единствено таму за да донесат многу пари во ВМРО ДПМНЕ и некои од нив и за себе.

Затоа, час поскоро во Република Македонија мора да собере сила некој плус освен пратеничката група на СДСМ да се регулира оваа исклучително важна материја од која зависи иднината на Република Македонија.

Гледаме колку срамежливо и со незнаење се пристапува од страна на Владата кон еден исклучително крупен проект атомската централа Белане што за Македонија може да значи многу. Веројатно ние ќе бидем единствена земја со ваква политика што во јануари и февруари ќе треба да воведуваме рестрикции како во минатите векови. Затоа што милонскиот бизнис е надвор од системот на набавки во Република Македонија, е бизнис што се договара во 4 очи и бизнис што со овој Закон, новиот што е предложен ќе може да се договори повеќе години. Што значи дека одредено министерство ќе си потпише договор за набавка на електрична енергија или ЕЛЕМ, за милионски суми во следните 10 години. И ќе рече имам пари. Тоа, овој закон што ни е на дневен ред за јавни набавки ни го овозможува. Многу генерации ќе станат заложник на ваквиот лош, но пред се коруптивен, Закон за јавни набавки за кој што во овој момент не сакаме да дебатираме, не сакаме да одговараме на прашањата и ни изгледа пресмешно она што го зборуваме за неизвесната судбина.

Не можете да очекувате економски развој, стабилност во инвестициите, сигурност во инвестициите ако имате импровизации во енергетскиот сектор. И затоа тогаш чудната одлука да се избрише или да се воведе овој член 192 да набавката на електричната енергија не подлежи на Законот за јавни набавки тоест не подлежи на никаков закон и да се префрли во 4 очи ја чини Македонија или граѓаните на Република Македонија ги чини, во овој момент, очигледна навај на зголемување на цената на електричната енергија.Да се надеваме дека само 20% ќе биде, иако барањето на ЕЛЕМ е од 70%, барањето на МЕПСО е 100% луѓе кои заради својата неспособност и аматеризам не можат да ги решат работите најлесно им е да побараат помош од државата и си набавуваат со државни пари електрична енергија што не можат да ја произведат.

Зато го подржувам овој амандман со кој што набавката на електрична енергија треба повторно да биде во една транспаретна процедура, на еден тендер во кој што ќе се отворат понуди на кој што ќе се добие најниска цена, а не да биде предмет на договор во 4 очи во кој што ќе добиваме најголема цена. Реков, само во јануар, за првиот тендер, за првите три месеци беше 90 милиони евра, па потоа се распиша уште еден, стигнавме до 200 милиони евра колку што се инвестициите во првите 6 месеци.

И затоа можеме да ги обвинуваме сите освен да бидеме слепи на она што се случува, а тоа е дека, за жал, парите на граѓаните одат во џепови на два-тројца луѓе кои ги договараат овие тендери за набавка за електрична енергија во 4 очи што Законот, за жал им го овоможува.

Законот, за жал им го овозможуба, а со новиот Предлог на закон, таков договор за набавка на електрична енергија со непозната цена ќе може да се направи во период од икс години, ќе може да склучи договор од 20 години, никој не го спречува, поради тоа што ќе рече дека во Буџетот да, ќе имам пари секоја година. И мислам дека тоа е една катастрофално неизвесна одредба што денешниот предлог на измена на Законот за јавни набавки ги нуди и мислам дека ќе ни се удри од глава како држава ова прелесно носење на законите. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Има збор господин Николов Марјанчо, повелете.

**Марјанчо Николов**: Благодарам.

Значи како што зборуваше мојот колега Макрадули, во овој член од Законот за јавни набавки е регулирана постапката за набавката на енергенси, електрична енергија, горива за приозводство на електрична енергија. И, Владата, кога го носеше Законот за јавни набавки, што почна да важи од први јануари, ја смести електричната енергија во делот на набавки каде што не е потребно да имате објава на јавен тендер и причините веројатно им се јасни на сите во Република Македонија. Кога Република Македонија, во услови на отсранување на големите потрошувачи на електрична енергија, компаниите, кои што сега си набавуваат на берза сами електрична енергија, повторно не може од сопствено производство да обезбеди доволно електрична енергија е навистина симптоматично што се прави со овој увоз на електрична енергија.

Податокот за 2007 година покажува дека биле потрошени 130 милиони евра за увоз на електрична енергија. За првите 8 месеци од ова година увозот е зголемен за 70%. Цената на електрична енергија е зголемена за 48%. Значи, оваа година можеме да дојдеме до некоја цифра од над 250 милиони евра увоз на електрична енергија и сето тоа се прави, знаете, без некој да знае по која цена се набавува и на кој начин се набавува.

Затоа, ние како пратеничка група, имајќи предвид дека се работи за многу висока сума на пари, дека се работи за многу сериозна работа, предлагаме набавката на електрична енергија, бидејќи ја вршат државни компании да биде на јавен тендер.

Има доволно постапки што овозможуваат да се добијат квалитетни понуди. Имате отворен повик, ограничен повик, конкурентен дијалог и редица други постапки во законт во кој што може да се набави доволно количество електрична енергија но овој пат на транспарентен начин. Да не се случува да се трошат толкави суми на пари за набавка на електрична енергија.

Ова не е само проблем од аспект на трошење на пари. Тоа се одразува и на трговскиот дефицит. Еден од главните фактори во зголемувањето на трговскиот дефицит во Република Македонија е увозот на електрична енергија. Сето тоа се одразува, поради скапиот увоз, на цената на производството на компаниите кои работат, на оние што продаваат, бидејќи повисоките трошоци за електрична енергија ќе вкалкулираат во цената на приозводите. И на крајот, сето тоа го плаќаат граѓаните на Република Македонија. и преку поскапи производи, а сега ќе видиме, овој месец и преку повисока цена на електрична енергија.

Време е во Република Македонија или, како што рекоа минута до 12 да се почне сериозно да се размислува околу стратегијата како Македонија ќе си ги обезбеди своите потреби од електрична енергија. Со ваков начин, верувајте да дозволите една компанија да набавува и тоа државна да набавува електрична енергија без да има обврска да распише тендер за јавна набавка, навистина отвора сомнеж дека се врши сериозна злоупотреба на овие средства.

Секоја година се зголемува увозот на електрична енергија и количински и вредносно. Цените, веројатно, до изградбата на нуклеарната централа во Бугарија, ќе одат многу високо. Затоа, за да се отргнат сите сомнежи, за да бидат граѓаните на чисто дека не се врши никаква злоупотреба, сето тоа треба да се врши на транспарентен начин, да се има тендер за јавна набавка, да има јавно отворање на понудите, да се знае која е цената што ја понудиле компаниите и да се избере оној со најниска цена што ќе овозможи навремено и квалитетно снабдување со електрична енергија.

Вака како што е сега може да се случи, тоа што го зборувше колегата Макрадули, не дај Боже да има и рестрикции на електрична енергија. Затоа колеги пратенмици, апелирам да го прифатите нашиот амандман и набавката на електрична енергија повторно да се врати под системот на јавни набавки и да има обврска државното претпријатие ЕЛЕМ да распишува тендер при набавка на електрична енергија. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Има збор госпоѓа Бендевска Весна, повелете.

**Весна Бендевска:** Би сакала повторно да се навратам како се заокружуваше приказната околу темата што долго време ја дебатиравме и се однесуваше токму околу набавката на електрична енергија од странство.

Затоа, во ноември 2007 година владеачкот мнозинство го изгласа Законот за јавни набавки, каде што, "кога станува збор за набавка на електрична енергија не се применуваат одредбите на Законот за јавни набавки". Односно, се легализира купувањето, тајно купување, нетранспаретно, очи во очи со непосредна спогодба. И после тоа постоеја обиди да се протурка Законот за енергетика, за што се дигнаа и возбудија многу духови, но го искористивте просторот и времето кога бевте во оваа сала сами, без опозиција и го донесовте не само Законот за енергетика, каде што за прв пат се гради сериозен монопол, и тоа се нарекува европски закон каде што ЕЛЕМ има право не

само да произведува, туку и да набавува, да купува и да продава електрична енергија. И, се разбира, тоа го зачинивте со катастрофалниот Закон за експропријација и сето тоа сега треба да ни го продадете како реформи што ќе овозможат економски развој во Република Македонија.

Во вашата првична форма на Преродба во 100 чекори многу убаво стои - не можеме да претендираме, значи секоја сериозна земја што претендира на економски развој, треба да има дефинирана енергетска политика. Само дефинирана енергетска политика може да претпостави дека постојат услови за економски развој, ама токму тука паднавте на испитот.

Не би се согласила со колегата Макрадули кога вели дека аматерски се води енергетската политика. Не. Работата е посериозна. ВМРО ДПМНЕ има стратегија од Република Македонија да направи енергетски вазал. Да зависиме од увозот на електрична енергија. Како? Со намалување на капацитетот за сопствено производство на електрична енергија. И тоа се прави.

Навистина би сакала да можам да разбудам интерес, некој да направи статистичко истражување, од ноември наваму, кога се донесе Законот со кој што може со непосредна спогодба да се набавува електрична енергија, колку е набавено производството во Република Македонија. И, ќе се види буквално дека постои стратегија, дефинирана од страна на ВМРО ДПМНЕ за да се оневозможи производство на електрична енергија .

Ова го говорам од позиција апсолутно на најголемиот капацитет, РЕК Битола. РЕК Битола се соочува не само со намален капацитет да произведува електрична енергија, РЕК Битола, почитувани, е пред стечај. Долгот од околу 2 милијарди денари, согласно Закон 45 дена блокирана сметка значи стечај, без оглед дали се работи за јавно претпријатие.

Мислам дека во пресрет на оваа долга и тешка зима ние ќе имаме сериозно голем проблем, што нема само да ни се ефектуира во сметките за електрична енергија. Не. Оти, навистина вреди да добиеме одговор од Владата на Република Македонија што ќе потврди, особено од Министерство за економија дека цена на произведен киловат час електрична енергија во РЕК Битола чини 20 евра, а увезените над 100 евра. И, никој точно не знае колку е. И, согалсно овој закон секој набавувач од ЕЛЕМ, господинот Чингоски ќе излезе и ќе каже - е па во тој момент можевме да набавиме од тој и тој странски партнер и тој ни побара толкава цена. Ние ја плативме. Тоа директно ќе удира врз џебот на секој граѓанин. Тоа е донесено во овој закон.

Јасно сте навеле дека кога е предмет на набавка електрична енергија не важи овој закон. не само за набавка на електрична енергија, туку и за опфатени дејности, какави што се поставување и стопанисување со фиксни мрежи наменети за обезбедување услуги во поглед на приозводството, пренос и дистрибуција на електрична енергија или гас.

За каква можност за економски развој говорите кога, прво, стратегијата ви е да го намалите производството на домашна електрична енергија и вие претендирате да кажувате дека одлично стоите на полето на привлечени странски инвеститори. Лага. Се помалку и помалку инвеститори ќе се обидат да влезат на Веб страната “Инвестирајте во Македонија”, знаејќи дека станува збор за држава со недефинирана енергетска политика и стратегија за долгорочен развој.

Никој нема да инвестира во Република Македонија доколку самата можност да се произведе односно на странскиот инвеститор да му се обезбеди редовно количество на потребна електрична енергија, не е дефинирано.

Повторно ќе се навратам на многу сериозната ситуација што постои во производствените капацитети. РЕК Битола произведува 75% електрична енергија од вкупното произведено количество во Република Македонија. Многу мал процент произведува Термоелектраната во Кичево и сосема мал процент отпаѓа на произведена електрична енергија од малите хидроцентрали. Иако многу помпезно беше најавувано распишувањето на тендерот за изградба на хидроцентралите Чебрен и Галиште нема ни збор, ни А ни Б.

Во РЕК Битола на 2 мај се случи страшна хаварија. Најголемиот багер кој врши дотур на јаглен до трите термоелектрани, до трите блокови е вон употреба. Е, каде е сега Коњановски да одговори кога тврдеше дека во рекордно кратко време ќе биде санирана хаваријата. Не е ни започнато буквално ниту еден час не е потрошен за репарирање на багерот. Сеуште се избира најповолниот понудувач. 15 октомври е за шест дена стартувањето на новата грејна сезона. Нема да се соочиме само со зголемена цена на електричната енергија, ќе се соочиме со сериозен недостаток на електрична енергија, бидејќи цел регион е во енергетска криза, ќе нема од каде да набавиме дури и по прескапи цени на електрична енергија.

Јас знам дека тоа ќе биде тема во ноември. Знам дека господинот Груевски, нели, со понудувачот на консултански услуги кој има ексклузивно право да го одредува местото кога ќе се отворат јавните понуди ќе се обиде тоа да го замачка со триста други, претпоставувам ќе има апсења, ќе има дефокусирање на јавноста, па ќе бараме сериозно надворешни и внатрешни непријатели и виновници, ама ќе бидеме во мрак. Не само во мрак, туку ќе бидеме на сериозно затекнати, со неможност, граѓаните да се затоплат. Ќе започне да се одмотува, како го нарече тоа господинот Славески кога инфлацијата ќе се намали од 11 на 9, тоа се викало дефлација, ама само во речникот на словенски. Ќе почне сериозно да се одмотува новата, за жал, инфлаторна спирала,

сериозно ќе имаме пад на вкупниот животен стандард на секој граѓанин, а ќе бидеме буквално на сред зима.

Затоа предлагаме набавката на струја да оди онака како што треба да оди при секоја јавна набавка, со распишување на тендер, но да се распише тендер претпоставувам дека ќе треба прво Чингоски да каже колку можат капацитетите во Македонија да произведат, колкава е реалната потрошувачка и да смее да го набавува само она што останува надвор, она што Република Македонија не може сама да го произведе. Ако може да го произведе по 20 евра дали има логика да го плаќаме по 120 евра. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Има збор госпоѓата Роза Топузова-Каревска, повелете.

**Роза Топузова-Каревска:** Благодарам почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници,

Ако на претходните амандмани на кои дадов поддршка имав некаква надеж дека ќе ги убедам колегите од парламентарното мнозинство да дадат поддршка и тие на амандманите да ги усвоиме затоа што со тие амандмани се јакнеше законодавната улога на Парламентот или на законодавниот дом, меѓутоа, за жал, очигледно не успеав и не само што се јакнеше законодавната улога, туку и колку - толку се воведуваше некоја контрола над извршната власт.

Но, пратениците одлучија дека нема потреба да работат на јакнењето на демократскиот капацитет и законодавната улога на Парламентот, туку и понатаму треба да постапуваат и да работат во прилог на Владата на Република Македонија чиј сервис сакаат да бидат, за жал.

Меѓутоа, не смее и не може да се остане рамнодушен ниту пасивен, ниту да се оглуши на еден амандман, бидејќи нависитна ги засега интересите на граѓаните, па дури ако сакате интересите на државата.

Токму поради тоа, реков не сум убедена дека ќе се добие поддршка, но сметам дека е чесно да се кажат неколку зборови во насока на поддршка, а можеби и дел од парламентарното мнозинство ќе размисли и ќе се предомисли во последен момент ќе го поддржи амандманот и ќе направи еден голем гест за доброто на граѓаните и нивните интереси.

Почитувани колеги пратеници, за оние што го прочитале законот и за оние што не го прочитале. Овој закон се донесе на 6 ноември 2007 година и од тогаш мораме да признаеме дека работите во однос на електричната енергија - енергетиката тргна на лошо, а не на добро. Тргна, меѓу другото, токму поради овој член 192 кој сега со амандман колегите од СДСМ бараат да се избрише. Јас ќе го прочитам уште еднаш членот. Вели: “овој закон не се применува на договори чиј предмет е набавка на електрична енергија или горива за производство на електрична енергија ...” тоа е членот кој ние односно колегите бараат да биде избришан.

Ако ја погледнеме ситуацијата во Република Македонија ќе видиме дека по донесувањето на овој закон всушност од 2006 година при крајот, поготово ноември 2007 година производството од ден на ден опаѓа. Земете една компаративна струдија ќе видите колку се произведувало во 2000, 2002, 2004 и 2005 година. Колешката Весна Бендевска детално се задржа на производството на електрична енергија во РЕК Битола. Тука нема потреба да ги повторуваме податоците. На сите им е јасно дека тоа опаѓа.

Тогаш навистина изразив загриженост зошто опаѓа производството. Дали од незнаење, дали само поради некои аматерски потези или профитерски потези. Ако се прочита членот 192 кој никако не сакаат да се укине од парламентарното мнозинство, извинете, се довиба впечаток дека повеќе од профитерски, а не од реални настанати дефекти. Производството се намалува се со една единствена цел да може да се набавува електрична енергија во четири очи за која набавка дури и овој закон нема да се применува. Иако законот има пропусти, но барем да се применуваат некои одредби од законот колку-толку можеби ќе стават ред и во оваа свера.

Кажавме за колку милиони евра на светскиот пазар се одлеваат точно за набавка на електрична енергија, а кај нас рековме дека достигнаа 200 милиони евра што горе-долу е приближно до странските инвестиции кои наводно влегле во Република Македонија, велам наводно затоа што и на прашања од експертите и на прашања поставени од медиумите, апсолутно никој од Владата не одговори во кој сектор се инвестирани тие 230 милиони евра.

Затоа, почитувани колеги, треба сериозно да се замислиме ако државните компании не ЕВН која е продадена, туку државните компании ЕЛЕМ бара 70% зголемување на електричната енергија, МЕПСО 100% зголемување на електричната енергија и да не зборувам дека после ова и ЕВН ќе се надоврзе со свое барање. Навистина граѓаните во Република Македонија нема да можат оваа зима да ги поднесат и да ги платат сметките кои ќе бидат испорачани за електрична енергија.

Да се надеваме дека нема да биде повеќе од 20% но верувајте при ситуација кога се покачи драстично цената на парното греење кога кубик огревно дрво достигна 50-тина евра или во наши пари 3000 денари, мислам дека последната шанса на граѓаните им беше оваа зима да се затоплат со електрична енергија. Тука, за жал, нема да успеат во тоа. Не само што не можат да ја платат, туку и оние што ќе можат, затоа што има граѓани што можат да ја платат, нема да можат да ја имаат, ќе ја нема електричната енергија и не само што ќе останеме во мрак, не само што граѓаните ќе останат незгреани во зимата, туку и понатаму ќе продолжи

тенденцијата за распад на целокупниот систем во енергетиката. Наместо да се носат закони кои ќе одат во прилог, ние ги решаваме овие проблеми, да одиме чекор напред, ние никако не сакаме да го направиме тоа.

Зборуваа колегите дека се кријат многу лични интереси, дека многу пари од граѓаните се одлеваат во приватни џебови, но јас тоа не можам да го потврдам врз основа на ова, но можам да го кажам следното што го кажав и до сега дека со овој начин навистина се дава можност за комплетен колапс во енергетскиот систем. Се надевам дека во последен момент одредени пратеници ќе ја сватат сериозноста на овој амандман и ќе дадат поддршка. Ви благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Бидејќи е исцрпена листата на пријавени пратеници за збор, констатирам дека претресот по амандманот е завршен.

Пред да го ставам амандманот на гласање ги повикувам пратениците да влезат во салата.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 54 пратеника, од нив за амандманот гласаа 7 пратеници, воздржани нема, против гласаа 47 пратеници.

Молам службите да утврдат точен број на пратеници во салата.

(Службите ги пребројуваат пратениците)

Го повторуваме гласањето.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 69 пратеника, од нив за амандманот гласаа 7 пратеници, воздржани нема, против гласаа 62 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот за додавање нов член 20-А, по членот 20, поднесен од пратениците Весна Бендевска и Марјанчо Николов под архивски број 07-4065/5.

Отворам претрес по амандманот за додавање нов член 20-А по членот 20, поднесен од пратениците Весна Бендевска и Марјанчо Николов под архивски број 07-4065/11.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменикот министер за финансии, повелете.

**Недим Рамизи:** Амандманот не се прифаќа.

**Трајко Вељаноски:** Амандманот не се прифаќа.

Ги повикувам пратениците кои сакаат да говорат по амандманот да се пријават за збор.

(Минува минута на чекање)

За збор се јавија госпоѓа Цветанка Иванова и господин Марјанчо Николов.

Има збор госпоѓа Цветанка Иванова, повелете.

**Цветанка Иванова:** Благодарам господине претседателе.

Јас очекував дека овој амандман ќе го прифати заменикот министер затоа што ми се чинеше дека е реален и основен.Имено сакам да кажам дека пратеничката група на СДСМ ист ваков амандман поднесе и при донесувањето на основниот закон во ноември 2007 година, меѓутоа не беше прифатен **.** Во што се состои амандман и што бараме со истиот. Пред да објаснам што бараме, сакам да кажам на кој член се однесува амандманот, заради јавноста. Тоа е членот 198 кој регулира услови за доделување на секторски договор без спроведување на постапка со преговарање, без претходно објавување на оглас каде во ставот 2 се регулира, има решение вкупната вредност на дополнителни работи или услуги за секторски договор, не смее да помине над 50% од вредноста на основниот договор. Ние предлагаме процентот од 50% од вредноста на основниот договор да се намали на 20%.

Причина заради која ја предлагаме оваа измена е, со измената на овој став од овој член практично се оневозможува злоупотреба на оваа институција, овој институт воведен со законот без спроведување на постапка со преговарање и без објавување да можат да се трошат јавни пари. Имено само за илустрација сакам да кажам.

Доколку во членот 198 се заклучи договор за случаи утврдени, таксативно наброени од овој член, да речеме за 2 милиони денари значи дека оној кој заклучил договор без постапка, со директно договарање и спогодување, без објавување на оглас може, користејќи ја можноста од ставот 2, да направи дополнителни трошоци или да направи дополнително трошење на јавните пари за уште 50%. Оваа одредба значи за уште половина од основниот склучен договор. Затоа бараме да се прифати или пратениците да гласаат за овој амандман затоа што со прифаќањето на овој амандман се затвора можноста за злоупотреба на овој член и за трошење на јавни пари без претходно да биде објавен оглас за истите и без претходно да се спроведува постапка.

Јас навистина не знам зошто заменикот министер не го прифати овој амандман, сакам да образложи причините зошто и сакам од денот на влегувањето во сила, мене заменикот министер не ме ни слуша јас што зборувам, меѓутоа еве сега ќе повторам уште еднаш, сакам овде пред пратениците или пред јавноста да каже колку до сега бил применуван ставот 2 од член 198 и колку јавни средства се потрошени врз основа на овој член. Тоа навистина ќе ни биде аргумент на пратениците дали да гласаме за амандманот или не.

Барам уште еднаш и инсистирам заменикот министер да ми каже од примената на законот денес колку јавни средства се потрошени врз основа на овој член. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Има збор господинот Марјанчо Николов.

**Марјанчо Николов:** Благодарам претседателе.

За жал и покрај денешната целодневна дебата околу законот за јавни набавки, нашите обиди и изречените бројни аргументи, сепак не успеавме да допреме до претставникот на Владата и до колегите од владеачкото мнозинство. Навистина е неразбирливо како може да се дозволи дополнителните работи во секторските договори да бидат 50%. Заради појаснување за гледачите, во овие секторски договори спаѓат енергетиката, водоснабдувањето, траснпортот, поштенските услуги и други дејности. Сега имаме една ситуација да се гради некоја термо или хидроцентрала. Распишувате тендер, се јавува фирма и се обврзува понудата да и биде три милиони евра дека ќе ја изгради термоцентралата или хидроцентралата. По тој основ може да биде најповолен понудувач, да го добие тендерот, а наредниот понудувач може да има понуда од 3,5 милиони. Сега првиот ќе почне, ќе го добие договорот и после по основ на дополнителна работа од 50% ќе ја качи вредноста на 4,5 милиони, а веќе имате втор понудувач кој може за поефтино да го направи тоа. Навистина тоа е висок процент. Не може дополнителни работи да дозволат 50%. Буквално нема смисла во такви услови на секторски договори да стои така висок процент, или една водоводна линија да ја изведе некој. За истиот слулчај ќе се јави најефтин понудувач, можеби, сега да не шпекулирам, по договор со Комисијата, ама после ќе се договорат, по основ на дополнителни работи да се зголеми за 50% понудата. 20% стоеше и во стариот закон и тоа беше добро решение, бидејќи не создаваше проблеми во пракса. Вака се отвора уште една врата да се врши злоупотреба на парите од граѓаните благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Бидејќи е исцрпена листата на пријавени пратеници за збор констатирам дека претресот по амандманот е завршен.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 67 пратеници, за амандманот гласаа 5 пратеници, воздржани нема, против гласаа 62 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот за додавање нов член 20-а по членот 20, поднесен од пратениците Весна Бендевска и Марјанчо Николов под архивски број 07-4065/11.

Дозволете ми од мое и ваше име на припадниците на еврејската заедница во Република Македонија да им го честитам утрешниот празник.

Тука ја прекинувам денешната седница.

За утре дополнително ќе бидете известени по СМС порака. Затоа свикувам координација со координаторите и потпретседателите на Собранието во Охридска сала. Значи по СМС ќе бидете известени за утрешната работа на Собранието на Република Македонија.

(Седницата прекина со работа во 17,57 часот)